
СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

2023-2027







Изработил : Одделение за Локален Економкси Развој
Бесим Имери
Мелиха Мустафи

Теарце, 2022

	Содржина	страна
	Извршно резиме	3
	Надлежности на општините во ЛЕР	4
	Вовед	5
1	Основни карактеристики	6
1.1	Територија и местоположба	6
1.2	Географски карактеристики	7
1.2.1	Релјеф	7
1.2.2	Клима	8
1.2.3	Хидрографски карактеристики	8
1.2.4	Вегетација	9
1.2.5	Фауна	10
1.2.6	Шуми	10
1.3	Демографија	10
1.3.1	Етничка структура на населението	14
1.3.2	Миграции на населението	15
2	Економија на ЕЛС Теарце	16
2.1	Економски карактеристики	16
2.1.1	БДП во општина Теарце	17
2.1.2	Стапката на активност на населението	18
2.2	Преглед на дејности и претпријатија на територијата на општина Теарце	18
3	Бизнис опкружување	20
3.1	Банки и финансиски институции	20
3.2	Осигурителни услуги во околината	20
4	Локална даночна политика и јавни услуги	21
4.1	Даночна политика ЕЛС Теарце	21
4.2	Урбанистичко планирање и надомест	22
5	Поддршка на бизнис секторот	23
5.1	Консултантски услуги	23
6	Квалитет на животот и состојбата на инфраструктурата	23
6.1	Патна инфраструктура	24
6.2	Телекомуникациска инфраструктура	25
6.3	Комунална инфраструктура	25
6.3.1	Водоводна мрежа	25
6.3.2	Канализација и отпадни води	26
6.3.3	Наводнување	26
6.3.4	Собирање отпад	27
6.3.5	Енергетска мрежа и телекомуникации	27
6.4	Образование	28
6.5	Здравство и социјална заштита	29
7	Земјоделство	30
8	Културно- историско и традиционално наследство	32
9	Граѓански сектор	34
10	Ситуациска анализа	35
10.1	SWOT анализа	35
10.2	ПЕСТЛЕ анализа	41
10.3	Јавно мислење од различни сектори	43
10.4	Локална самоуправа, организација и буџет	48
10.4.1	Организациона структура на општина Теарце	48
10.4.2	Буџет на општина Теарце	49
10.5	Заклучоци	51
10.6	Препораки	54
11	Стратешки план за ЛЕР	56
11.1	Визија	57
11.2	Мисија	57
11.3	Принципи и вредности	58
11.4	Стратегиска рамка	58
	Резултати	59
	Литература	60
	Разно (Фотографии, локации, прилози ....)	61
	Табеларен приказ на стратешкиот план	64
	Финансирање на стратешкиот план	91

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Локален економски развој е процес со кој локалните раководства во рамките на општината да работат заедно со други партнери во јавниот сектор, приватниот (бизнис) и невладини со цел да се создадат подобри услови за економски раст, социјална заштита и создавање на нови работни места. Стратегијата за лока

лен економски развој, е заснована и изготвена со помош и информации на активно учество на сите заинтересирани страни во заедницата и со евидентни материјал од социо-економски анализи. Стратегијата ги отсликува прашањата и проблемите кои беа идентификувани како најбитни, и можностите кои можеме да ги искористиме со цел да го подобриме квалитетот на животот и благосостојбата. Веруваме дека успеавме да развиеме логички стратегиски пристап со цел да ги покриеме и опфатиме сите прашања кои се фокусираат на клучните приоритени сектори.

Стратегијата е дизајнирана да оствари долгорочно влијание. Ќе придонесе кон долгорочниот економски пораст на територијата, истовремено создавајќи услови за одржлива територија во иднина. Особено важно е дека во следниот период за која важи стратегијата, треба да се превземаат мерки и да се води сметка што полесно да се надмине енергетската криза која сама по себе ќе сноси последици врз економијата и социјалата.

Стратешкото планирање како процес, има за цел да ги вклучи сите релевантни засегнати страни и заеднички да ја утврди визијата за иднината; да ги дефинира и постави стратегиите за развој; да ја со средоточи енергијата; да ги идентификува и стави во функција ресурсите на општина Теарце и да воспостави основа која ќе осигура засегнати страни кое се учесници во процесот работат на остварувањето на заедничките цели.

Во процесот на стратешко планирање за локален економски развој на територија на општина Теарце ги идентификуваше сегашните и идните потреби за социо-економски развој и врз основа на тоа ги дефинираше својата визија, вредностите, целите и стратегиите кои треба да дадат резултати во задоволувањето на тие потреби. Стратегијата, како рамка, во себе ги содржи дефинираната визија за развојот на водечките принципи за имплементација на Стратегијата, стратешките цели, приоритети и мерки за постигнување на зацртаната визија преку својата мисија. Стратешкиот план е сублимиран и систематизиран начин ги обработува стратешките цели, како и врските и корелациите меѓу нив кои, всушност, ги претставуваат чекорите што треба да се превземат во процесот на постигнување на својата визија. Стратешките цели во себе ги содржат приоритетите кои се одговор на предизвиците во процесот на развој на општина Теарце во периодот 2023 -2027година.

Доследното следење и реализацијата на мерките содржани во документот од страна на раководните структури, како и соодветната финансиска поддршка преку својата мисија ќе обезбедат постигнување на визијата и доверба во посветеноста, транспарентноста, отчетноста и ефикасноста на општина Теарце за развој на средината во која има надлежности.

Надлежности на општините во ЛЕР

Според закон за Локална Самопурава (бр. 05/05, член 22 точка 3) на едниците на локалната самопурава има одговорности во областа на локалниот економски развој - ЛЕР. Меѓу другите општински надлежности ќе бидат: „Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемниш твото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“. Интегративните процеси на Р. Македонија за приклучување кон ЕУ, создаваат дополнителна обврска за следење на моделите за креирање и спроведување на ЛЕР.

Активностите беа насочени кон зајакнување на капацитетие на локалната самоуправа за ЛЕР, здружување на претставниците на јавниот, приватниот и НВО секторот, со цел да се развијат партнерствата, да се дефинираат приоритетите и можностите во форма на стратегии и програми за ЛЕР.

Стратегијата е движечка сила на секоја организација. Тоа е интелектуална сила која им помага да се организираат, да ја поттикнат нивната активност и да поставуваат цели и приоритети. Стратегијата е средство за комбинација на мерки, активности, финансии, алатки, ресурси, идеи, време и умешност на изработувачот во остварување на визијата што сакаме да ја постигнеме за локалниот економски развој- Бесим Имери

ВОВЕД

Потребата од интензивирање на напорите за зголемување на економскиот развој и економската одржливост на општината, како членови на заедницата на општина Теарце, ни дава можност да се обиде да се подобри економската ситуација.

Профилот на општина обезбедува информации и преглед за социо - економски карактеристики, природните ресурси и реална проценка на ситуацијата, како и добра основа за локален економски развој на општина Теарце.

По кратка историја и опис на географската положба, природните ресурси и општинските спецификации во оваа стратегија се обезбедува исто така податоци и анализи за демографија и неговите карактеристики и дистрибуција, образовната структура и опис на економските сектори на општината. Во натамошниот текст главни карактеристики се предвидени со спецификациите на постоечките инфраструктурни елементи на бизнис околности.

По оваа стратегија, исто така, се однесува на други области на општеството, како што се Заедницата на Единица за Локална Самоуправа - ЗЕЛС, Социјална политика, Здравство, Култура, Спорт, Медиуми, итн.

Општински профил, дефинирани и прикажани во горенаведениот начин и контекст дефинира основата врз која понатаму е изградена визија, стратегии и конкретни цели, како и програми и проекти за истата. Со оглед на моменталната ситуација, кој е претставен во профилот на општина Теарце, тоа може да се заклучи дека тоа е почетна точка за идниот локален развој, која треба да се постигне и постојано дефиниран. Процесот на стратешко планирање, во која е наменета за стратегијата за локален економски развој се развива во согласност со овој модел:

Визија за посакуваната економска ситуација во иднина;
Мисија како да го водиме процесот за да ја остваримe визијата
- Резултат за развој за специфични цели;
- Специфични цели за развој на приоритетни мерки;
- Програма за реализација на проектите;
- Проектите за подобрување на економската состојба.

ВИЗИЈА, означува, како сакаме да биде општина Теарце после 5 години :

„ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ДО 2027 ГОДИНА СО КОНКУРЕНТНИ РУРАЛНИ ПРОИЗВОДИ, РАЗВИЕН ПЛАНИНСКИ ТУРИЗАМ НА МУЛТИКУЛТУРНИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ И ГРАДЕЊЕ НА ПАРТНЕРСКИ ОДНОСИ СО ИНВЕСТИТОРИТЕ ЌЕ БИДЕ АТРАКТИВНА И ЕКОНОМСКА РАЗВИЕНА ОБЛАСТ“

1. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ

1.1 *Територија и местоположба*

Општина Теарце се наоѓа во северозападниот дел на Република Македонија



Во составот на општина Теарце се наоѓаат 13 населени места, четири села се ридско- планински , а останатите се наоѓаат во котлинскиот дел на општината.



Во состав на општина Теарце се следните населени места: **Слатино, Теарце**, **Нераште**, **Доброште**, **Пршовце, Глоѓи**, **Брезно, Варвара Јелошник, Лешок, Непроштено, Одри и Првце**

Општина Теарце како општина функсионираше до 1965 година, но од 1966 година според законот за територијална организација се укина и се спои со општина Тетово. Општина Теарце како општина е формирана од 1996год. според законот за териториална организација. Се наоѓа северозападниот дел на РСМ која што опфаќа површина од 136.55км2, во која што живеат 17.694 граѓани од 25.638 попишани граѓани според пописот од 2021год. Густината на резидентни жители на општина Теарце се 129,6 жители на км². Според бројот на населените места и површината која ја опфаќа Општина Теарце влегува во групата на малите општини во Р.С.М.

1.2 Географски карактеристики

1.2.1 *Релјеф*

Полошката котлина, настанала како последица на големи тектонски пореметувања при истекувањето на езерото кое постоело на котлинското дно во текот на терциер и квартер низ Дервенската клисура, преку Вардар до Егејското Море. Во оваа геолошка фаза се формирал основниот релјеф на овој дел од Балканот, а со тоа и основниот релјеф на Полошката котлина. Планинскиот релјеф има ридско-планински карактер,и истиот го сочинуваат планините: Сува Гора (1.853 м н.в.) и Шар Планина (2.748мн.в.). Западните планиниски делови се покриени со бујна вегетација давајќи им на пределите изразито шумски карактер, додека источните планински делови се голи и пусти (Сува Гора, Жеден), поради варовитиот состав.

Полошката котлина се наоѓа на 300 - 600м надморска висина и има котлински релјеф. На дното од котлината е сместено богатото Полошко поле, кое се наоѓа на надморска висина од 400 - 461 м.

Висините на одделни делови на полето варираат поради местоположбата на котлинското дно. Релјефот на земјиштето во општина Теарце има разновидна форма. Се карактеризира со високите падини на Шар Планина кои завземаат поголем дел од територијата на општината, како и зарамнетото полшко дно, односно дел од полошката котлина. Највисок врв во овој дел на Шар Планина е врвот Чаушица на 2 640 m надморска височина. На високите предели се наоѓаат изворите на бројните потоци и реки, кои во правец северозапад-југоисток низ планината образувале длабоки долови и корита до самото котлинско дно. Минувајќи низ котлината, сите реки се влеваат во реката Вардар, на територијата на општина Јегуновце. Дел од многубројните помали и поголеми долови се фосилни и суви.

Котлината Полог настанала по повлекување на некогашното Полошко езеро (при крајот на неогенот), при што се образувани абразивни езерски тераси на две - три различни нивоа, а највисоката се наоѓа на 980 m надморска висина.

Геолошкиот состав на Шарпалнинската падина се разликува од оној во рамничарскиот дел. Во двата дела секундарно се појавуваат минерали кои се раликуваат од главната маса на геолошкиот состав. Падината на Шар Планина, во најголема мера е составена од шкрилци, многу нестабилни и изложени на ерозија. Во подножјето на планината во непосредна близина на селата Лешок, Слатина и Теарце се наоѓаат секундарни наслаги од бигор, наталожени од минералните води.

Котлинското дно се состои од наталожени дебели дилувијални и алувијални наслаги, кои ја покриваат цврстата подлога. Алувијалниот материјал е донесен од планинските реки, истиот е растресит и особено погоден за овоштарство. Дилувијалниот (мразен) нанос се состои од големи камења, во подлабоките слоеви покриени со речен нанос од тенок слој на тиња и песок.

Составот на земјиштето во општина Теарце во минатото во повеќе наврати бил предмет на површни и повремени испитувања. Потврдени се наслаги на мермерен оникс кај селото Лешок, кој е експлоатиран и веројатно исцрпен. На повеќе места се наоѓаат наслаги на каолинска глина (бентонит). Испитувања се вршени и во околина на Теарце каде се појавуваат наслаги од пиритна руда, како и лимонит.

Поопсежни испитувања на составот на земјиштето во иднина ќе покажат дали оваа општина располага со рудни потенцијали интересни за експлоатација.

1.2.2 Клима

Климата во Полошкиот регион е средно- котинентална со многу сончеви денови во текот на годината. Летото е топло и делумно влажно, зимата е ладна и со снег, додека пролетта и есента се карактеризираат со постојани дождови. Бидејќи Полошката котлина е опколена со планини во неа присутно е движење на ладни и топли воздушни маси кои се јавуваат во процесот на инверзија.
Средната годишна температура во Полошкиот регион е околу 11 º С .Во текот на годината температурите варираат од -20 º С па се до + 38 ºС.Температурите се највисоки во месец јули и август, додека најниски се во месец јануари и февруари.

Просечната брзина на ветерот изнесува околу 16 м/сек, а максималната околу 26,5 м/сек. Маглата, како појава во Полог, почеста е во зимските месеци јануари и февруари, а многу поретко ја има во топлиот период од годината. Во зимските месеци дебелината на снежната покривка во ридско планинските места достигнува до 50 цм, додека на повисоките места снежната покривка достигнува и до еден метар.

Општина Теарце е под влијание на континетална и медитеранска клима и нивни модификации. Ниските делови имаат топли и суви лета и умерено студени и влажни зими со појави на екстремни температури. Котлината е релативно сончева.

Температурите варираат од -20 °C до + 38 °C додека просечната температура изнесува +11 °C. Највисоките температури се во месеците јули и август, додека најниските температури се во месеците јануари и февруари. Во зимските месеци дебелината на снежната покривка во ридско-планинските места достигнува 50 cm, додека на повисоките места и над 1 m. Ваквата клима овозможува прекрасни услови за спортување и рекреација во природа, како во летната така и во зимската сезона.

Врнежи од дожд има најмногу на пролет и есен и тоа просечно 750 мм. Просечната брзина на ветерот во годината изнесува 16 m/sec., а максималната 26,5 m/sec. Најчесто дува северен и северозападен ветар.

1.2.3 Хидрографски карактеристики

Територијата на општина Теарце е мошне богата област со постојани и повремени водени текови кои поминуваат низ областа правејќи венец од реки и рекички богати со вода во текот на целата година, додека за време на дождовите и топењето на снеговите се спуштаат и голем број порои по падините.

Хидрографската мрежа во општина Теарце, благодарение на издашноста на изворите на Шар Планина, прилично е развиена. Низ атарот на општината Теарце минуваат 5 реки и неколку потоци кои извираат од Шар Планина. Овие реки минуваат низ селата Непроштено (Непроштенска река), Слатина (Слатинска река), Теарце (Бистрица), Доброште (Габровница) и Одри (Одранска река) и сите се влеваат во реката Вардар. Најголемата меѓу нив е Теаречка Бистрица со должина од 19,2 километри.

Во летниот период количината на водите во овие реки драстично се намалува во долниот дел на нивното течение кога коритата најчесто пресушуваат.

На највисоките предели на Шар Планина, се ноаѓаат атрактивните Брезјанско Езеро на надморска височина од 1 890 m, Долнодоброшко езеро на надморска височина од 1 890 m, и Горнодоброшко езеро на надморска височина од 2 362 m. Овие прекрасни мали езерца, таканаречени шарски очи, би требало да представуваат значајна точка во сите идни развојни планови од областа на туризмот.

Водениот потенцијал на Шар Планина во голема мера е каптиран во резервоари од каде се дистрибуира како вода за пиење низ водоводните системи на населените места. Останатиот дел, населението го користи за наводнување на земјоделските површини.

Во горниот дел на реките, над населените места, има многу добри услови за одгледување на риби, особено поточка пастрмка.

1.2.4 Вегетација

Разновидните климатски карактеристики, од умерено-континентална до изразито планинска клима и теренската разиграност на просторот, условиле разновиден растителен појас. Меѓутоа, нерационалното користење на шумите, непланското обновување на зелениот појас и непреземање на нужна биолошка интервенција за пошумување на голите терени , Разновидните климатски карактеристики, од умерено-континентална до изразито планинска клима и теренската разиграност на просторот, условиле разновиден растителен појас. Меѓутоа, нерационалното користење на шумите, непланското обновување на зелениот појас и непреземање на нужна биолошка интервенција за пошумување на голите терени ,исто така оставиле свои траги врз растителниот појас.

Високиот шумски појас го сочинуваат дабот, буката и смреката. Дабовиот регион го сочинуваат појасот на шикари и шибјаци, шумата од плоскач и појасот на горунови шуми. Флората во околината е застапена со букова шума ,а на отворените делови има голем број на лековити билки (кантарион, линцура, мајчина душица, планински чај и ајдучка трева), и шумски плодови (вргањ, лисичарки, шумски јагоди, шипинки, дренки и боровинки).

На Шара се среќаваат 1.500 видови на флора, а најпознати се: шарпланинскиот чај (siderites scardica), молика (linus peuce), шарпланиниска руменка (nthihilpus scardica) шарпланински костолом (nothecum scardicum), шарпланиниски каранфил (dianthus scardicus), албански крин (ilium albanicum) и др.

Високиот шумски појас го сочинуваат дабот, буката и смреката. Дабовиот регион го сочинуваат појасот на шикари и шибјаци, шумата од плоскач и појасот на горунови шуми. Флората во околината е застапена со букова шума ,а на отворените делови има голем број на лековити билки (кантарион, линцура, мајчина душица, планински чај и ајдучка трева), и шумски плодови (вргањ, лисичарки, шумски јагоди, шипинки, дренки и боровинки).

На Шара се среќаваат 1.500 видови на флора, а најпознати се: шарпланинскиот чај (siderites scardica), молика (linus peuce), шарпланиниска руменка (nthihilpus scardica) шарпланински костолом (nothecum scardicum), шарпланиниски каранфил (dianthus scardicus), албански крин (ilium albanicum) и др.

1.2.5 Фауна

Фауната во Полошкиот регион е автохтона до релативно ендемична. Меѓу многубројните видови птици што се наоѓаат во списокот на природните реткости се: златен орел (aquilla chrisaetos), белиот орел на Шара, сив сокол (falkoperegrinus), буф (bubo bubo) , еребици, и др., а од цицачите: мечката (ursus archos) , рисот (lynx lynx), дивата свиња (sus strota), дивокозата (rupicarpa rupicarpa), волкот (canis lupus), дивиот зајак (lepus europeus), лисицата (vulpes vulpes) и др. познат бренд од овој регион е кучето "Шарпланинец", карактеристичен по неговата големина.

1.2.6 Шуми

Шумскиот еко систем покриваат значителен дел од територијата на општината, и доминираат листопадните шуми (даб, црн и бел габер, костен и бука), исто така изимзелените шуми (бор, ела, смрча) како и мешовитите шуми (ела,бор). Во текот на 2021 година поточно на ден 30 јуни 2021 година од страна на Собранието на Р. Северна Македонија беше донесен Закон и со тоа беше прогласен дел од Шар Планина за национален парк. Националниот парк зафаќа околу 60% од територијата на општина Теарце.

1.3 ДЕМОГРАФИЈА

Општина Теарце, според пописот од 2022 година општина Теарце имаше 22.454 жители, додека според државниот завод за статистика бројот на жители во 2021 година, брои 25.638 попишани жители од кои 17,694 жители се резиденти.

Густината на населението -резиденти на територијата на општината во 2021 година изнесува 129,6 жители по км².

Табела : Вкупно попишани, вкупно резидентно население и вкупно нерезидентно население, според етничката припадност и пол, општина Теарце - Попис 2021

пштина Теарце	**Вкупно резидентно население**		Вкупно резидентно население М+Ж	**Вкупно нерезидентно неселение**		Вкупно нерезидентно население М+Ж	Вкупно население М+Ж
	Мажи	**Жени**	**Вкупно**	**Мажи**	**Жени**	**Вкупно**	**Вкупно**
Македонци	1,078	1,036	**2,114**	113	97	**210**	**2,324**
Албанци	7,351	7,353	**14,704**	4,157	3,458	**7,615**	**22,319**
Турци	206	176	**382**	38	30	**68**	**450**
Роми	23	27	**50**	3	4	**7**	**57**
Власи	-	-	**0**	2	0	**2**	**2**
Срби	10	12	**22**	1	0	**1**	**23**
Бошњаци	-	-	**0**	0	0	**0**	**0**
Други неспомнати	11	11	**22**	6	7	**13**	**35**
Не се изјасниле	-	-	**0**	0	0	**0**	**0**
Непознато	1	1	**2**	15	13	**28**	**30**
Лица за кои податоците се превземени од административни извори	171	227	**398**	0	0	**0**	**398**
	8,851	**8,843**	**17,694**	**4,335**	**3,609**	**7,944**	**25,638**

Извор : ДЗС , Попис 2021


Вкупно резидентно население според етничката припадност, по населени места, Попис 2021

		Етничка припадност - ВКУПНО	Македонци	Албанци	Турци	Роми	Власи	Срби	Бошњаци	Други неспомнати	Не се изјасниле	Непознато	Лица за кои податоците се преземени од административни извори
1	Слатино	3.198	0	3.125	0	6	0	0	0	1	0	1	65
2	Теарце	3.038	778	1.748	376	39	0	7	0	2	0	1	87
3	Нераште	2.724	2	2.670	0	0	0	0	0	1	0	0	51
4	Доброште	2.649	288	2.308	1	0	0	12	0	0	0	0	40
5	Пршовце	1.923	11	1.871	1	3	0	0	0	0	0	0	37
6	Непроштено	1.178	330	808	0	0	0	1	0	5	0	0	34
7	Одри	1.175	87	1.044	0	0	0	0	0	0	0	0	44
8	Глоѓи	1.106	230	850	4	0	0	1	0	2	0	0	19
9	Лешок	696	381	280	0	2	0	1	0	11	0	0	21
10	Варвара	4	4	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
11	Брезно	3	3	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
12	Јелошник	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
13	Првце	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
	Вкупно	17.694	2.114	14.704	382	50	0	22	0	22	0	2	398

Меѓу најголемите населени места во општина Теарце е с. Слатино која според пописот на население од 2002 година броеше 4.112 жители, во моментот според пописот во 2021 година резиденти жители има 3.198 жители.

Население според населени места по број и процент на жители се дадени во следната табела:

	Населено место	бр. на жители	Процент (%)
1	**Слатино**	3.198	18,07
2	**Теарце**	3.038	17,17
3	**Нераште**	2.724	15,40
4	**Доброште**	2.649	14,97
5	**Пршовце**	1.923	10,87
6	**Непроштено**	1.178	6,66
7	**Одри**	1.175	6,64
8	**Глоѓи**	1.106	6,25
9	**Лешок**	696	3,93
10	**Варвара**	4	0,02
11	**Брезно**	3	0,02
12	**Јелошник**	0	0,00
13	**Првце**	0	0,00
	Вкупно	**17.694**	**100,00**




Извор : Државен завод за статистика , Попис 2021

	Табела	Населени според години - попис						
година	1948	1953	1961	1971	1981	1994	2002	2021
население	13.233	14.173	15.121	17.732	20.974	20.797	22.454	17.694

Извор : Државен завод за статистика , База на податоци МакСтат




Населено место	Вкупно површина во ха
Слатино	627
Теарце	2.969
Нераште	949
Доброште	2.089
Пршовце	516
Непроштено	459
Одри	1.088
Глоѓи	411
Лешок	1.000
Варвара	804
Брезно	976
Јелошник	951
Првце	816
Вкупно	**13.655**




Извор : Агенција за катастар на недвижности на Р. Северна Македонија

Вкупно резидентно население во Република Северна Македонија по 5-годишни возрасни групи и по пол, општина Теарце, Попис 2021

Теарце			
	Мажи	Жени	Вкупно
0-4	525	500	1.025
5-9	583	540	1.123
10-14	497	465	962
15 - 19	494	405	899
20 - 24	540	515	1.055
25 - 29	655	622	1.277
30 - 34	771	735	1.506
35 - 39	660	649	1.309
40 - 44	575	536	1.111
45 - 49	498	532	1.030
50 - 54	573	688	1.261
55 -59	671	777	1.448
60 - 64	651	677	1.328
65 - 69	445	455	900
70 - 74	302	312	614
75 - 79	193	196	389
80 - 84	138	145	283
85 +	80	94	174
Вкупно	**8.851**	**8.843**	**17.694**





Извор: Попис 2021 , Државен завод за статистика

Од горенаведените статистички податоци може да сезаклучат неколку работи.

1. Според категоризацијата на рурални подрачја и населени на РСМ и методологијата на ОЕЦД1 територијата на општина Теарце е рурална. Просечниот број на жители на километар квадратен на вкупната територија изнесува околу 129.6 жители.
2. Според статистиката, во територијата на општина има голем процент на работоспособно население. Сепак, за добивање на реална слика овие податоци треба да се гледаат во контекст на податоците за миграција кои исто така се високи. Ова значи дека податоците може да бидат и погрешни т.е. работоспособното население да биде во помал или поголем процент бидејќи голем дел од жените не се регистрирани во агенцијата за вработување.

1.3.1 Етничка структура на населението

Територијата на општината важи за мултиетнички и мултикултурен регион. Од спроведените статистички анализи, на општина Теарце преовладува население од албанскиот етникум.

Според последниот попис на населението и домаќинствата од 2021 година, во општина Теарце се попишани вкупно 25.638 жители од различни националности и тоа:

Општина Теарце	Вкупно попишано население	%	Вкупно резидентно население	%
Македонци	**2.324**	**9,06**	**2.114**	**11,95**
Албанци	**22.319**	**87,05**	**14.704**	**83,10**
Турци	**450**	**1,76**	**382**	**2,16**
Роми	**57**	**0,22**	**50**	**0,28**
Власи	**2**	**0,01**	**0**	**0,00**
Срби	**23**	**0,09**	**22**	**0,12**
Бошњаци	**0**	**0,00**	**0**	**0,00**
Други неспомнати	**35**	**0,14**	**22**	**0,12**
Не се изјасниле	**0**	**0,00**	**0**	**0,00**
Непознато	**30**	**0,12**	**2**	**0,01**
Лица за кои податоците се превземени од административни извори	**398**	**1,55**	**398**	**2,25**
Вкупно	**25.638**	**100,00**	**17.694**	**100,00**

Извор: Државен Завод за Статистика (Попис 2021)

1.3.2 Миграции на населението

Иако податоците за миграцијата на населението се достапни преку Државниот завод за статистика, од анализите не може да се извлече заклучок за причините за миграција, особено за оние миграции, односно иселеници кои мигрирале надвор од државата. Земајќи ја предвид општата, и глобалната лоша економска состојба, претпоставките водат кон мислење дека ваквиот тренд е предизвикан токму од економската состојба, стапката на невработеност, условите за живот.

Следната табела ги прикажува миграциските трендови во ова општина, за периодот од 2016 до 2021 години, според Државниот завод за статитика „Миграции“.

Теарце	Вкупно по години					
	2016	**2017**	**2018**	**2019**	**2020**	**2021**
Отселени граѓани	440	141	144	612	937	1230
Доселени странци од други држави	283	304	369	336	205	315

Табела : Преглед на миграциските трендови во општините, Извор:. Државен завод за статистика - Попис 2021

Во последните години трендот на иселени е на нагорен тренд, пред се на младите кои пред се заминуваат за да работат во западните земји. За жал овој тренд на заминување на работноспособното население уште е пристуен и продолжува, бидејќи западните земји на Европа нудат подобри плати и услови за работа и благосостојба.



Од горенаведената табела и податоци може да се види дека трендот на миграција се истакнува особено по 2019 година и истиот станува со вознемирачки бројки. Од вкупниот број, поголемиот процент е тој на возраст од 18-55 години, возраст која е способна за работа, лица со високо образование , особено тие од здравствениот сектор.

2. ЕКОНОМИЈА НА ЕЛС ТЕАРЦЕ

2.1 Економски карактеристики на општина Теарце

Полошкиот плански регион, каде што е територијално сместен општината, забележува најмало учество во бруто-домашниот производ на Република Македонија, со 6,8% од вкупниот БДП1. Емиграцијата, загубата на квалификувана работна сила, доцната структурна трансформација и малите приливи настрански директни инвестиции ја забавиле потребната структурна трансформација за зголемување на вработеноста во овој регион. Резултат на тоа е големата стапка на невработеност, состојба проследена со висок степен на неформални економски активности. Според официјалните податоци, неформалната економија во земјата се движи од 20% до 40% од бруто-домашниот производ. Анализите и теренското истражување покажуваат голема распространетост на неформалната економија, каде посебно се застапени младите и жените.

Најзначајни економски сектори во полошкиот плански регион се производство на градежни материјали, преработка и производство на финални производи од дрво, прехранбена индустрија, преработка на пластични маси, преработка на алуминиум и производство на текстилни производи. Од друга страна, регионот располага со мал процент на достапно обработливо земјоделско земјиште (25%), додека остатокот може да биде користен за пасишта (75%). Од земјоделските култури најзастапени се пченицата, пченката и компирот.

Со цел овие иницијативи да прераснат во успешни микробизниси, потребен е скроен пристап за различните плански региони и подрачја, како и соодветен пристап во однос на младите претприемачии жените. Скроениот пристап подразбира индивидуална разработка на секоја економска иницијатива и согледување на бизнисот од аспект на негов раст и развој во наредните 3-5 години. Типот на поддршка зависи и од секторот/ дејноста, иако главно се однесува на дизајн и развој на производи, подршка за пристап до пазарот, маркетиг и продажба, како и соодветна поддршка за поврзување на постоечката инсустрија и на регионално и на нацинално ниво.

Економската моќ и конкурентската предност на општина Теарце и отварање на работни места овозможува подобрување на условите за економски раст и развој на локално ниво и воедно овозможува подобрување на условите за живеење на граѓаните кои што живеат во него.

Стратегијата за економски локален развој е изработена со цел да се сочуваат традициите, природните особености, културните и историските наследства, како и градење на сопствен, препознатлив локален економски развој.

Локалниот економски развој е одреден со природните предиспозиции, како што е географската положба, природните ресурси климата и претприемништвото .

2.1.1 БДП во општина Теарце

Според проценетите податоци од буџетите на општина Теарце стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) , и тоа:

	2016	2021
Приходи /жител	7.024	11.148
Расходи / жител	7.006	12.134

Табела: бруто-домашен производ, по жител, изразено во денари, извор завршна сметка

Сите други региони имаат бруто - домашен производ под просекот на Република Македонија. Најмал бруто-домашен производ по жител, во однос на националниот просек, има Полошкиот регион со индекс 47.4, меѓу кои и општина Теарце.

2.1.2 Стапка на активност на населението

Според Државниот завод за статистика, стапките на вработеност и невработеност на населението, на локално ниво, покажуваат осцилирања (разлики) во однос на вкупните стапки на ниво на Република Северна Македонија. Така што според пописот во 2021 година податоците се прикажани на следната табела :

Економски активно и економски неактивно			Економски активно - Вкупно			Економски активно - Вработени			Економски активно - Невработени			Економски неактивно		
ВКУПНО	Мажи	Жени	ВКУПНО	Мажи	Жени	ВКУПНО	Мажи	Жени	ВКУПНО	Мажи	Жени	ВКУПНО	Мажи	Жени*
16098	8010	8088	4840	3537	1303	1825	1409	416	3015	2128	887	11258	4473	6785
%	49.8	50.2	30.1	73.1	26.9	37.7	77.2	22.8	62.3	70.6	29.4	69.9	39.7	60.3

Извор : податоци од Државен завод за статистика / попис од 2021 година

**Забелешка (Процентот за вкупното активно население е повисок, бидејќи кај многу мал дел од жените албанки се регистрирани како неактивни)*

Невработеноста во општина Теарце според пописот од 2021 година е многу висока и изнесува 3.015 или 62,3 % од економското активното население додека вработеност е 1.825 или 37.7%. Секако, поради транзициските промени во општеството голем дел од нив се дел од сивата економија која исто така во голема мера е застапена во општината и регионот. Еден ваков пример претставува земјоделскиот сектор во кој поголемиот дел од руралното население остварува приходи (Голем дел до земјоделците се регистрирани во регистарот на министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство како индувидуални земјоделци или како земјоделски стопанства). Со мерките кои се превземаат за нивна регистрација се очекуваше намалување на реалната невработеност во општина Теарце.

Во текот на 2021 се реализараше целосен попис со кој меѓу другото беа евидентирани и податоци за активното и неактивното население, вработени и невработени кои се прикажани на следната табела :


Работоспособно население - ВКУПНО			Активно население - ВКУПНО		
Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени	Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени*
14.584	7.246	7.338	5.926	3.749	2.177
	49.7	50.3	40.6	63.3	36.7


Активно население - вработени			Активно население - невработени			Вкупно неактивно население			Непознато		
Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени	Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени	Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени	Пол - ВКУПНО	Мажи	Жени
3.457	2.332	.1125	2.469	1.417	1.052	8.510	3.439	5.071	148	58	90
58.3	67.5	32.5	41.7	57.4	42.6	58.4	40.4	59.6	1.0	39.2	60.8

Извор : податоци од Државен завод за статистика / попис од 2021 година

**Забелешка (Процентот за активно население е повисок , бидејќи кај многу мал дел од жените албанки не се регистрирани во Агенцијата за вработување*

Според горенаведената табела може да се види дека бројот на вработени 1.825 во 2006 година на 3.457 во 2021 година што значи дека бројот на вработени е зголеме за 1.632 или за 47,2% . Зголемувањето поголемо кај женскиот пол и тоа од 416 во 2006 година на 1.125 жени во 2022 година и тоа за 709 лица. Истотака најголемо зголемување имаме кај женскиот пол кај активното население за 874 лица односно за 40,15%.





2.2 Преглед на дејности на територија на општината

Развиеноста на приватниот сектор во подрачјето може да се анализира преку големината и економската моќ на препријатијата кои се наоѓаат на оваа територија. Според податоците од Државниот завод за статистика, микро претпријатијата се најзастапени. Претпријатијата кои се категоризирани како мали се втори најприсутни во општина Теарце. Од ова може да извлечеме заклучок дека територијата на општина Теарце располага со слабо развиено стопанство. Табела дава приказ на бројот и големината на економските субјекти во рамки на општината :

Активни деловни субјекти по големина				
	2022			
	Вкупно	Микро	Мали	Средни
Теарце	446	352	89	2

Табела : Активни деловни субјекти, состојба, 20.08.2022, одделение за комунални такси и даноци-општина Теарце

При изготвување на овој документ, работната група се обиде да ги мапира претпријатија кои се активни на територијата на општината. Табелата подолу ги наведува активните претпријатија, според дејност.

Дејност	Претпријатија
Градежништво и градежни материјали	Ренова,УПЦ, Шаза Бетон, Бетон Парк, Џеги Комерц, Компакт, Бау ЕНЕН, Исотерм, Класик Гипс, Путз пласт, Зибинг
Преработка на дрво и мебел	Флорида, Гоја Дизајн, Монтана – АС , Елегант, Фактори Мобиље, Еуротерм, Махагон, Дрво декор, Супер Мебел,
Прехранбена индустрија	Гринпродукт, Плускомпани, Калири и Арт, Теа Кек, Нелина Кафе
Мелничко-пекарска индустрија	Балкан Тритикум, Софра, Береќети, Амир-ФИ ком
ПВЦ прозорци и врати	Еуротерм,, Трим Интернатионал, Циле Пласт, Идеа доор,
Металопреработувачка индустрија	Шпенди, Аскајнак, Трим Интернатионал, Ролет 2000, Вуле терм
Текстилна индустрија	Дама Фешн,
Трговија и услуги	Буљони, Хајри Ком, Европа 92, Лук Оил, Термоенерѓи, Хидротерм, Гарден груп, Мети Комерц
Транспортни услуги	Фаба трејд , Нерашт Компани , Агими Турс, Арсими Компани,
Угостителство	Контраст, Панорама, Калабриа, Улќин, Релакс, Профицио , Калаја ас, Копенхаген, Лешочки Манастир, Штојзовале, Слатина идр.
Внатрешен и меѓународен промет на стоки и услуги, трговија на големо и мало, увоз и извоз, транспорт, шпедитерски и други услуг	Мак Тоис, Агротехника, Алба, Беса транс, Агим Турс

Табела 15: Преглед на деловни субјекти во општина,, по сектор

Теарце	
Вработени според секторите на дејност - ВКУПНО	3457
Земјоделство, шумарство и рибарство	86
Рударство и вадење на камен	14
Преработувачка индустрија	610
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	17
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината	27
Градежништво	313
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	583
Транспорт и складирање	92
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	149
Информации и комуникации	37
финансиски дејности и дејности на осигурување	34

Дејности во врска со недвижен имот	9
Стручни, научни и технички дејности	107
Административни и помошни услужни дејности	126
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	435
Образование	424
Дејности на здравствена и социјална заштита	246
Уметност, забава и рекреација	75
Други услужни дејности	69
Дејности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби	-
Дејности на екстратериторијални организации и тела	1
Непознато	3

Извор: Државен завод за статистика, попис 2021

3. Бизнис опкружување

3.1 Банки и финансиски институции

Банки, нивни експозитури или филијали, штедилници или други фондации на територијата на општина Теарце нема. Такви функционираат во општина Тетово (во градот) и тоа;

- ТТК банка
- Халк банка филијала Тетово
- Стопанска банка, филијала Тетово
- Комерцијална банка, филијала Тетово
- НЛБ Тутунска банка, филијала Тетово
- Про кредит банка, филијала Тетово
- Централна Кооперативна Банка, филијала Тетово
- Експозитура Тетово Капитал Банка АД СКопје, филијала Тетово
- Силк Роад Банка, филијала Тетово
- Уни Банка, филијала Тетово
- Шпаркасе , филијала Тетово
- идр.

Штедилница: Фулм и Можности, филијали во Тетово

3.2 Осигурителни услуги во околината

Осигурителните компании воглавно се лоцирани во градот Тетово поради поголемото движење на луѓе, тие нудат различни осигурителни услуги, како што се :

- Осигурување Македонија – Тетово
- Граве
- Евроинс осигурување
- Кроација осигурување
- Сава осигурување
- Винер осигурување

- Нов осигурителен брокер
- Еуролинк
- Триглав осигурување
- Халк осигурување
- Уника осигурување
- Нов осигурителен брокер

4. Локална даночна политика и јавни услуги

4.1 Даночна политика на единицата за локална самоуправа Теарце

Меѓу трансферите на надлежностите од централно на локално ниво, фискалната децентрализација е еден од клучните аспекти на процесот на децентрализација на Република Македонија.

Трансферите од буџетот на централната власт се :

- ДДВ - данок на додадена вредност (5% - 2022, 5,5% - 2023 и 6% - 2024))
- ПД - персонален данок, (4% -2022, 5% - 2023 и 6% -2024) од персоналниот данок на доход на лични примања и 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност
- Наменски дотации за училиштата, следуваат согласно законот за финансирање на единиците за локална самоуправа (ЕЛС).

Освен овие дотации, ЕЛС имаат финансиска автономија (сопствени извори на приходи) во одредување на висината на следните даноци и давачки на локално ниво и тоа:

- Даноци на имот :
  - данок на имот (5%)
  - данок на промет на недвижности (3%) и
  - данок на наследство и подарок (втор наследен ред данокот е 3% - 5%) (од трет и натамошен наследен ред, данокот изнесува 5%)
- Комунални такси (Закон за комуналните такси) и
- Административните такси (Закон за административни такси)

Висината на овие даноци и давачки на локално ниво, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за отворање или проширување на нови или постоечки микро, мали и средни претпријатија ќе придонесе за заживување и развој на локалната економија во општина Теарце.

4.2 Урбанистичко планирање и надомест

Урбанистичкото планирање, особено на делот што се однесува на урбанизирањето и уредувањето на градежното земјиште за индустриски потреби (економски зони) на територијата на општина Теарце, е од особена важност за идниот локален економски развој.
Општина Теарце има изготвено :

- УДНМ (Урбанистичка документација за населено место (село)) за населеното место Слатино, дел од Лешок и Теарце,
- ОА (Општ Акт) имаат следните населени места: Непроштено, дел од Лешок, Пршовце, Глоќи, Доброште, Одри и Нераште, но сите треба да се ажурираат.
- УПВС (Урбанистички план вон село) дел од Лешок,
- Неколку Локални урбанистички Планска Документација –ЛУПД , вон населени места преку приватни иницијативи во интерес на приватните инвеститори.

За населените места Првце, Јелошник, Брезно и Варвара нема урбанистичка документација.

Клучни аспекти за развој на нашата локална економија се:

- локацијата на градежното земјиште,
- расположивите површини и цената на купување на градежното земјиште,
- степенот на урбанизација (комуналната инфраструктура, комуналните такси)
- постапката за доделување на градежното земјиште,
- ефикасноста на јавната администрација и времето за добивање на дозволи за градење.

Според Законот за територијална поделба на Р. Македонија и спроведувањето на делбениот биланс на имотот и градежното земјиш те на Р. Македонија, во надлежност на локалната самоуправа по месец март 2005 година, станува и утврдувањето на цената на градежното земјиште. Но, оваа надлежност не е докрај објаснета и дефинирана.

Општина Теарце за потребите за планирање на идниот локален економски развој работи интензивно на процесот на уредување на градежно земјиште, со изработка на урбанистичката документација на населените места, со кој ќе се дефинираат и економските-индустриски зони.

Цените на надоместоците за регулирање на градежното земјиште се :

Надоместок	цена
Уверение за градежна зона	300
Извод од планови	550
Дозвола за изградба на станбен објект	1.550
Дозвола за изградба на стопански објект	1.550

Комунални такси	ден/м²
Регулација на градежно земјиште за станбен објект	120
Регулација на градежно земјиште за стопански објект	180

Вкупен број на станови	6,982	100
Станови изградени пред 1971 година	1,374	19.68
Станови изградени по 1971 година	4,106	58.81
Станови изградени по 1990 година (од становите изградени по 1971) до 2005	1,603	22.96
Станови изградени по 2006 година до 2011година	537	7.69
Станови изградени по 2012 година до 2021година	965	13.82

Извор: Број на станови според Пописот 2021 и податоци од општина Теарце

5. Поддршка на бизнис секторот

5.1 Консултантски услуги

Во нашата општина нема институции за поддршка на бизнисот, бизнис инкубатори ниту институции за консултантски услуги. На регионално ниво (во градот Тетово) постои Агенцијата за поддршка на претприемништвото (ЕСА).

За поддршка на земјоделието услуги нудат подрачните единици на Агенцијата за поддршка на земјоделието – А.Д. Битола, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој – Тетово, подрачна единица на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Тетово.

Услуги за промовирање на мерките за вработување се нудат од страна на подрачната единица на Агенција за Вработување – Тетово.

Услуги од социјалните дејности се нудат од страна на меѓуопштинска установа за социјални услуги – Тетово.

Промоцијата на мерките за поттикнување на развојот се нудат и од страна на министерството за економија, ФИТР идр.

6. КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ И СОСТОЈБА НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Општина Теарце е преполна со потенцијално искористувачки капацитети. Еден од развојните темели е и донекаде квалитетната инфраструктура. Без квалитетна физичка, транспортна, комунална, информациско-комуникациска интраструктура, не може да се очекува брз и одржлив развој. Иако на територијата општина Теарце нема урбани заедници, близината до поголемите урбани заедници – Тетово, Градот Скопје, Гостивар, е истовремено битна и значајна и за економската инфраструктура, како и за развојот на претприемништвото, земјоделието, туризмот.

6.1 Патна инфраструктура

Според Државниот завод за статистика,Попис 2021 година, најголема должина 160км од локалната патна мрежае асфалтиран, од кои асфалт и коцка 93 км, земјани патишта 25 км и непросечени 42 км. Споредено со претходните две години, може да се забележи мало зголемување на должината на локалната патна мрежа. Должината на регионалните патишта на територијата на општина Теарце се во должина од 19,5км и поминуваат три регионални патишта, и тоа: регионален пат Р1203 Тетово – градничен премин Јажинце, регионален пат Р1203 Першовце-Јегуновце-Радуша- Скопје и регионален пат Р1203 Лешок – Ратае- Желино.

	2011	2012	2013	2014	2015	2016	**2022**
	вкупно	вкупно	вкупно	вкупно	вкупно	вкупно	**вкупно**
Теарце	137 км	138км	142 км	142 км	142 км	145 км	**160 км**

Во општина Теарце Теарце, според податоците од Државниот завод за статистика, во 2016 година, патната мрежа има должина од 145 км, од кои асфалтирани и со бехатон се 73 км, , макадам 7 км, неасфалтирани се 23 км и останати 42 км. Додека во 2021 должината изнесува 160км од кои зголемување има во делот на асфалтирани и со бехатон на 15 км.

Локалната патна мрежа е во лоша состојба, со тренд на понатамошно зголемување на квалитетот. Но сепак постојат делници на локалната патна мрежа кои поради големите оштетувања претставуваат потенцијална опасност за нормалното одвивање на сообраќајот. Одржувањето на локалните патишта е недоволно и несоодветно, особено во зимскиот период (кога се затвораат дел од патните правци), што е резултат пред сè на недостаток на финансиски средства. Дел од локалните патишта, особено во планинските предели се неасфалтирани, и во определени периоди опасни за употреба на лесни возила. На територијата на општина Теарце, се наоѓа граничниот премин "Јажинце", преку кој премин дневно се движат голем број на патници и моторни возила.

Од железничкиот сообраќај се користи железничката пруга Скопје – Тетово-Гостивар-Кичево. Железничките станици се сместени во Тетово, Гостивар и Јегуновце. Додека, индустриските капацитети имаат сопствени приклучоци во железничката пруга.

Железникиот сообраќај и неговата мрежа се во многу лоша состојба, што е случај со целокупната територија на државата. Ваквиот нажин на транспорт не се користи како во минатото, иако бенефитот од добра железничка мрежа, имајќи предвид дека во општината Јегуновце има и железничка станица би бил од огромна корист.

Во однос на авиоообраќајот, и покрај фактот што нема свои воздуни пристаништа, неговата поврзаност со аеродромите е релативно добра и брза, особено до Скопскиот аеродром, кој е одалечен 50-тина километри од оваа територија.

Меѓутоа треба да се земе во предвид дека аеродромот во Приштина е исто така близок до општина Теарце. За жал во моментов пристапот е отежнат поради лошата состојба на патиштата.

6.2 Телекомуникациска инфраструктура

Територија на општина Теарце е покриена со фиксна телефонија и со мобилна телефонија, со што се овозможува и интернет пристап, што е важно за развој на економијата, а особено за туризмот. Истовремено, ваквата инфраструктура е многу важна за квалитетот на животот на населението на оваа територија. Во моментот има повеќе оператори кои даваат телекомуникациски услуги.

Оператори кои ја покриваат територијата на општина Теарце со мобилна телефонија се : Телеком МК, А1 и Лајка Мобиле.

Оператори на фиксна телефонија се : Телеком и А1.

Оператори кои нудат интернет и телевизиски содржини преку кабловска и општички кабел се : Телеком, А1 и Теленет.

6.3Комунална инфраструктура

6.3.1 Водоводна мрежа

Состојбата со комуналната инфрастуктура во општина Теарце се состои од локална водоводна мрежа, која е достапна на 95% од домаќинствата.

Граѓаните на општина Теарце, со вода за пиење се снабдуваат преку изградени локални системи за водоснабдување (резервоари за вода), како примарна и разводна водоводна мрежа низ сите населени места. Под ингеренции и управува со водоводните системи ЈП „Хиѓиена“ “ – Теарце, моментално се следните население места : Непроштено, Лешок, Теарце, Одри и дел од Доброште (македонски дел). Во последно време се поинтезивно е инвестицијата во водоснабдителните системи почнувајќи од уредување на каптирањето на изворите, доводот на водите до резервоарите , резервоарите за вода за пиење и разводните водоводни мрежи. Но, поради намалување на издашноста на изворите, зголемување на потрошувачката на вода за пиење се наметнува потребата од изградбата на пречистителни станица за снабдување со квалитетна вода за пиење и од реките. Во некои села овие потреби се решаваат самоиницијативно додека селата кои се во системот на ЈП Хиѓиена Теарце ги решава јавното комунално претпријатие. За решавање на овие потреби општина Теарце има изработено неколку проекти за некои е аплицирано а за некои не. Доста проекти од оваа област се завршени и се во функција од различни фондови национални и меѓународни, буџет на општина Теарце и самопридонес на жителите.

6.3.2 Канализација и отпадни води

За разлика од услугите на водоснабдување, водоводната мрежа, собирањето и одведувањето на отпадните води е на незадоволително ниво.
Приклучок на канализациски состав и прочистување на отпадните води имаат 0 % домаќинства.
Канализација за отпадните води. Во општина Теарце не постои канализациски систем за отпадните води. Граѓаните во општината со овој проблем се справуваат со изградба на септички јами изградени во непосредна близина на домовите, односно куќите. Со испразнувањето на овие јами содржината се користи најчесто како ѓубриво за посевите, но не ретко неконтролирано се фрла по реките. Имајќи во предвид дека најголемиот дел од овие јами се постари од 20-30 години, нивното функционирање и одржување е отежнато и невозможно. Изградба на нови септички јами за голем дел од домаќинствата представува проблем било од финансиски или од просторен аспект.
За трајно решавање на овој приоритетен проблем во општината, изготвени се проекти за изградба на канализациска мрежа, ажурирани во текот на 2017-2018год. Врз овие проекти направена е и ревизија од страна на лиценцирана ревизорска куќа. Преку фонд за техничка документација објавено од страна на УНДП и Шведската Амбасада беа обезбедени финансиски средства за обновување и проширување на техничката документација за одведување на отпадни води за с.Пршовце и с.Глоѓи со пречистителна станица која е завршена во 2021 год. Во тек на 2021 год е започнато со изградба на канализациска мрежа во с. Теарце, изградбата ќе заврши до 2023 год. Средствата за реализација на овој проект се обезбедени од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање со тригодишна финансиска проекција .
Во општината нема атмосферска канализација, па атмосферските води слободно пливаат по површината и постоечките отворени канали.

6.3.3 Наводнување

Во општина Теарце околу 2 400 ha обработливо земјиште има потреба од наводнување. Од нив моментално се наводнуваат само 600 ha и тоа со водите од реките кои вода имаат само од јуни до декември. Наводнуваните површини драстично се намалени поради нефункционирањето на затрупаните канали за наводнување.
Каналската мрежа од системот Радиовце-Бистрица, која низ општината минува во должина од 10 километри, над дваесетина години како не е во функција. Јавното претпријатие кое беше надлежно да го оддржува е ликвидирано. Додека функционираше оваа каналска мрежа, се наводнуваа околу 1 300 ha земјоделски површини. Најголем недостиг од вода за наводнување на земјоделските површини се чуствува во населените места Непроштено, Лешок, Слатино, Теарце Пршовце. Во овие села, неопходна е изградба на каналска мрежа од зафатот на водите до земјоделските површини, како и санација на постоечката каналска мрежа која е руинирана или затрупана со цврст отпад.
Неконтролираното фрлање на отпад ја загадува животната средина. Во моментов како проблем се јавува градежниот шут, кој се фрла насекаде. За наводнување на дел од земјоделските култури на незначителни површини до 1998 година се користеше вода од

регионалниот систем Радиовце - Бистрица, во должина од 2,2 km. Со овој систем се наводнуваа 380 ха, односно 7,96% од вкупното обработливо земјиште. Останатото обработливо земјиште, дел се наводнува од многубројните извори и потоци.
Во однос на снабдување, користење и заштита на водите од загадување во индустријата и рударството, достапни се статистички податоци кои се однесуваат само на ниво на целиот Полошки регион.
Во Полошкиот регион наводнувањето на обработливото земјиште се изведува со помош на систем за наводнување т.е. канали за наводнување. Водата за наводнување се зема од реките кои течат низ населените места од територијата на општина Теарце.
Во с. Теарце во 2021 е започнато со изградба на систем за наводнување во рамки на проектот "Мали, нискотрошковни, еколошки прифатливи системи за наводнување, финансиски поддржан од страна на Европската Унија преку средства од ИПА програмата. Според проектот цевките се проектирани за наводнување на 335 ha земјоделски површини. Снабдувањето со вода на овој систем ќе биде од Река Бистрица.

6.3.4 Собирање отпад

Во општина Теарце нема Ј.П. за управување со отпад, туку управувањето со комуналниот отпад е решено преку ЈПП како концесија на приватното претпријатие „Еко В-С Буилдинг -Боговиње". Концесионерот го собира и транспортира отпадот до јавните регионални депони.
Со организирано собирање отпад, опфатени се 9 од 13 населените места. Во општина не функционираат други Јавни Препријатија, во чија надлежност е и собирањето отпад. Собраниот отпад се носи од страна на концесионероти се депонира на јавна ДЕПОНИЈА Русино по потреба и во Дрисла како јавно легални прогласени депонии. Концесијата е со важност од 12 години односно до 2034 година.

6.3.5 Енергетска мрежа

Покриеност на териоријата на општина Теарце со електрична енергија е 100% и е во надлежност на ЕВН Македонија – подружница Тетово. Како проблем се јавува застарената електродистрибутивна мрежа за електрична енергија кој на некои делови напонот паѓа поради преоптеретеност.
Сите населени места во општина Теарце се покриени со електрична мрежа. Потрошувачката на електрична енергија во домаќинствата во последните години бележи пораст од приближно од 3% годишно. Овој тренд на зголемување резултира со намалување на напонот на електричната енергија кој паѓа и до 160 волти во некои делови од населените места. Проблемите во оваа област што ги чуствуваат граѓаните се се поевидентни, па состојбата станува алармантна. Надлежните во енергетскиот систем во секое време треда да водат сметка во насока на подобрување на квалитетот на електричната енергија во општината.
Енергетската инфраструктура се состои од 48 трафостаници на 13 населени места. Енергетската мрежа припаѓа на компаниите ЕВН, МЕПСО и АД ЕСМ.

На територијата на општина Теарце има изградено неколку мини хидроелектрани и тоа :

- Река Бистрица , Теарце– 3 мини хидроелектрани со инсталирана моќност: бр. 97- 2,64 MW , бр. 98- 3,2 MW, бр. 99- 3,28 MW (Сол Хидропауер ДООЕЛ Скопје)
- Габровска река, Доброште – 2 мини хидроелектрани со инсталирана моќност: бр. 103 - 1,8 MW (НОРД ЕНЕРГИ ГРОУП ДООЕЛ експорт - импорт Тетово), водотек на Габровска река – 1,24 MW (АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово)
- Одранска река, Одри – 2 мини хидроелектрани со инсталирана моќност : бр. 105 – 0,360 MW и бр.106 – 0,306 MW (Супер Ноува Енерги ДООЕЛ Тетово)

Во текот на 2022 година цените на енергијата а со тоа и на електричната енергија значително се зголемија. Недоволните количини на електрична енергија од домашно производство и зависноста од увоз ја наметнува потребата и интересот за изградба фотонапонски централи на покривите на стамбените и индустриските објекти. Но, за оваа активност е потребно да се прилагоди и електродистрибутивната мрежа за превземање на вишокот на електрична енергија од овие објекти, како второ треба да се поедностават постапките за изградба и поставување на фотонапонски централи и да им се овозможи на инвеститорите во стамбените објекти и индустриските објекти да поставуваат вакви централи во зависност од расположливата површина без ограничување на инсталираниот капацитет.

6.4 ОБРАЗОВАНИЕ


На општина Теарце има покриеност само од основни училишта,наставата се одржува на албански, македонски и турски јазик. Во општина Теарце функсионираат 8 основни училишта,од кои 5 централни и 3 подрачни. Со поголем број на ученици функсионира ООУ ″ Еќрем Чабеј ″ - Слатино. Основните училишта се сместени во населените места на општина Теарце и тоа во:

- ООУ ″ Еќрем Чабеј ″ - Слатино
- ПООУ ″ Еќрем Чабеј ″ - Непроштено
- ООУ ″ Кирил Пејчинович ″ - Теарце
- ПООУ ″ Кирил Пејчинович ″ - Лешок
- ООУ ″ Асдрени ″ - Глоѓи
- ООУ ″Фаик Коница ″ - Доброште
- ПООУ ″ Фаик Коница″ - Одри
- ООУ ″Исмаил Ќемали ″ - Нераште

Бројот на ученици, кои посетувале основно образование за учебната 2020/2021 година е 1.796 ученици со 124 паралелки во сите 8 основни училишта.

	2005/2006	2012/2013	2013/2014	2014/2015	2015/2016	2016/2017	2020/2021
Вкупно	2.839	1.730	1.643	1.625	1.588	1.606	1.796
Ученици	1.343	819	749	761	729	751	937
Ученички	1.496	911	894	864	859	855	859

Извор : Државен завод за статистика **Вкупно резидентно население на возраст од 5+ години во формалното (редовно) образование, според степенот на образование, пол и возраст, по општини, Попис, 2021**



Бидејќи во општина Теарце не постои средно училиште, учениците го посетуваат средното образование и ги користат училиштата во другите општини.

Општина Теарце

Средно образование			Високо образование		
Пол - ВКУПНО	**Мажи**	**Жени**	**Пол - ВКУПНО**	**Мажи**	**Жени**
727	413	314	731	297	434

Извор : Државен завод за статистика попис 2021

Во однос на стапката на писменост, според податоците од пописот од 2021 година стапката на писменост на население според пол на возраст од 15 и повеќе години, за Полошкиот регион изнесува 80,6%.

Општина Теарце	**Писмен**			**Неписмен**			**Непознато**		
	Пол - ВКУПНО	**Мажи**	**Жени**	**Пол - ВКУПНО**	**Мажи**	**Жени**	**Пол - ВКУПНО**	**Мажи**	**Жени**
Возрасна група - ВКУПНО	14263	7135	7128	167	38	129	154	73	81

Извор : Државен завод за статистика -Вкупно резидентно население на возраст од 15+ години според писменост и пол, по општини, Попис 2021.

6.5 ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Во областа на здравството, во општина Теарце до 2022 година функционираат 18 приватни здравствени установи – општа медицина, 13 стоматолошки ординации, 6 аптеки и сл. во 9 –те населени места и еден здравствен пункт на регионалниот Здравствен дом од Тетово со седиште во Теарце. Во с. Лешок функсионира и новата специјална болницата за белодробни заболувања изградена во 2007 година.

Во општина Теарце нема ниту една детска градинка или дом за стари лица. Но, треба да се напомене дека е видлив дефицитот на вакви установи, но објаснувањето за ваквата состојба

можеби може да се најде во тоа што во руралните средини многу семејствата делат едно домаќинство, односно каде што по две или три генерации сеуште живеат заедно, со што можноста за чување на децата во рамките на семејството е голема. Во последно време ваквата тенденција на намалување на членовите во едно семејство и со тоа потребата од детска градинка, дома за стари лица, центар за дневен престој и сл. е навистина неопходна, од друга страна овој факт е дека животот станува се по динамичен.

Поради недоволни финансиски средства за отворање на вакви установи од страна на буџетот на општина Теарце , во 2020 се аплицираше на јавен повик објавен од страна на МТСП. Во 2021 година е почнато со изградба на детска градинка во с. Пршовце финансиски поддржан од страна на Европската Унија преку средства од ИПА програмата спроведен од страна на Министерството за Труд и Социјална Политика .

Во Полошкиот регион не постои ниедна јавна или приватна установа - Дом за возрасни лица и затоа жителите од овој регион кои сакаат да бидат корисници на овие услуги одат до најблиските установи како на пр. Скопје.

За да им овозможиме ваква услуга на стари и изнемошните лица, општина Теарце во соработка со НВО "Милениум", општина Јегуновце и општина Желино се реализира проектот "Грижа за стари лица во домашни услови" финансиран од страна на Министерството за Труд и Социјална Политика преку наменски наем од Светска Банка.

7. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Полошкиот регион располага со 168 701 ха земјоделско земјиште од што 24,87% или 41 963 хектари се обработливи површини, а 75,12% или 126 737 хектари се пасишта.

Од тоа, на општина Теарце и припаѓа 8.629 ха, од кои 4.777 ха се обработливи површини или 55,34%, од вкупната површина. Следната табела дава преглед на земјоделското земјиште , според податоците од државниот завод за статистика за 2021 година, од МакСтат базата.

Табела Земјоделски површини по категории на користење во ха , 2018

Земјоделска површина	Ораници и бавчи	Овоштарници	Лозја	Ливади	Вкупно обработливо земјиште	Пасишта
8.629	3.316	118	24	1.319	4.777	3.851

Извор: ДЗС, веб страница, База на податоци МакСтат.

Во с. Теарце во 2021 е започнато со изградба на систем за наводнување во рамки на проектот "Мали, нискотрошковни, еколошки прифатливи системи за наводнување, финансиски поддржан од страна на Европската Унија преку средства од ИПА програмата. Според проектот цевките се проектирани за наводнување на 335 ha земјоделски површини. Снабдувањето со вода на овој систем ќе биде од Река Бистрица.

Во **општина Теарце**, во последните 20 години, се забележува намалување на засеаните земјоделски површини, поради економска неисплатливост на земјоделието. Ова има негативно влијание врз економската моќ на жителите. Земјоделските површини се помалку се обработуваат поради ниските цени на земјоделските производи, немање организиран откуп, како и немање капацитети за преработка на земјоделските и сточарските производи.

Обработливото земјиште главно се наоѓа во котлинскиот дел на општина Теарце и голем дел од таа област се наводнува. Главните култури кои се произведуваат се: пченка, пченица, јачмен, и др.

Табела Засеана површина на житни култури во ха, 2018

Пченица	Рж	Јачмен	Овес	Пченка
782	18	24	3	869

Извор: ДЗС, веб страница, База на податоци МакСтат.

Високите пасишта го сочинуваат поголемиот дел од останатото земјиште. Имено, околу една третина од ова земјиште е од планински или високо-планински тип, додека останатите две третини се наоѓаат во ридските предели на котлините. Земјоделството како главна економска гранка во руралните општини, и во општина Теарце е најмногу застапено. Од вкупно 4.777 ха обработлива земјоделска површина, во 2018 година, со земјоделски култури се засадени околу 3.458ха.

До пред 25 год., земјоделските површини беа обработувани околу 97%, додека сега процентот на обработувани површини изнесува околу 80%. Производството на зеленчук се должи на поволните климатски услови, каде што доминираат доматот, пиперката, компирот, зелката, гравот и бостанот (лубеници и дињи). Кај фуражното производство, на луцерка отпаѓаат 53% од вкупното производство, а останатото е под детелината, добиточен грашок, пченка и репка. Одгледувањето на овош је (јаболки, круши, ореви, цреши и др.), исто така е значајно за земјоделското производство.

Табела Засадена и засеана површина на градинраски култури во ха, 2018

Компири	Кромид	Лук	Грашок - зрно	Зелка	Домати	Пиперки	Бостан
118	13	9	6	27	21	34	32

Табела Засеана површина на фуражни култури во ха, 2018

Детелина	Луцерка	Граор	Добиточен грашок	Крмна пченка	Добиточна репка
63	434	13	11	15	39

Табела Вкупен број на стебла од овошни насади , 2018

Цреши	Вишни	Кајсии	Дуњи	Јаболка	Круши	Сливи	Праски	Ореви
3.290	1.400	120	640	31.170	3.430	4.940	830	4.190

Извор: ДЗС, веб страница, База на податоци МакСтат.

Главни сточарски производи се јагнешкомесо, овчо и кравјо млеко и јајца. Моменталната состојба во земјоделството е оптоварена со многу проблеми: раздробеност на земјоделските површини и потребата за нивна поефективна употреба, лош квалитет на опремата и потребата од нејзина модернизација како и деградација на почвите.

Во општина Теарце често се поплавуваат обработливите површини во населените места Слатино, Теарце и Пршовце и тоа во пролетните месеци, кога реките се со зголемен капацитет поради топењето на снегот во повисоките планински места.

Сточарството како економска гранка е просечноразвиено. Крупната и ситната стока претежно се чува засвои потреби, односно за производство на месо, млеко, волна и јајца. Преработувачки капацитети за сточарските производи во општината нема. Поголемите сточари извесни количини на млекото продаваат вомлекарите од општина Тетово. Во домаќинствата на општина Теарце, моментално се одгледуваат околу 1.500 крави, 5.000 овци, 300 свињи, 2000-3.000 парчиња живина (кокошки) и незначителен број коњи. Бушата е локална сорта на говедо кое се наоѓаво ридските и планинските предели. Во последните 50 години, оваа сорта е вкрстена со повеќе увезени сорти. Покрај бушата најзастапени сорти на говеда се: фризер и симентал.

Табела Број на добиток идр. (Попис на земјоделството 2007)

Говеда	Коњи	Овци	Кози	Свињи	Живина	Зајаци	Пчелни семејства
3.883	280	7.960	662	965	22.482	104	1.803

Извор: ДЗС, веб страница, База на податоци МакСтат.

Покрај говедата, во сточарството се застапени и овцата праменка и домашната коза.
Вакцинацијата е прифатена во сите домаќинства кои чуваат добиток и тие редовно го вакцинираат добитокот. Истиот го хранат со природна храна, претежно од своето производство (пченка, јонџа, трева, пченица, јачмен, силажа од пченка идр.) Во општина Теарце работи ветеринарната амбуланта „Вет-Теарце".
Треба да се нагласи дека во последните години, сточниот фонд е намален на 80%, најмногу заради неекономски исплатливото сточарење и немање пласман на сточарските прозиводи.
Генерално, на општина Теарце во голема мера населението се занимава со земјоделство со оглед на тоа дека нема урбана заедница. Исто така, треба да се напомене, дека и голем број од населението, покрај постојано вработување во приватни или јавни институции, имаат и дополнителна дејност во земјоделието. Овие податоци се од понов карактер и во иднина треба да се очекува да има пореални проценки на вработувањето и БДП на микрорегионот.
Генерален проблем е што распределената обработлива површина припаѓа на индивидуални земјоделци. Овие микро – фарми овозможуваат задоволување на основните потреби на населението но предизвикуваат проблем по однос на конкурентност со останатите региони што на долг рок е неодржливо. Расцепканоста на обработливите парцели во регионот не дозволуваат зголемување на економијата на обем во земјоделието а воедно се намалува и ефикасноста и продуктивноста на самите земјоделци. Од овие причини, во заклучоците и препораките ќе се предложат измени на овие процеси.

8. КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО И ТРАДИЦИОНАЛНО НАСЛЕДСТВО

Културата го одредува начинот и квалитетот на животот во секое општество. Културното и историското наследство го даваат и го одржуваат идентитетот на одредена територија, а истите претставуваат необновлив и ограничен ресурс кој што побарува зачувување, вреднување и коритесње, според начелата на одржливост.

Културното и историското наследство на територијата на општината потребно е повторно да се вреднува и да се направи промоција и маркетинг , повторно да бидат препознаени како традиционални вредности на ова подрчје, кои го обликуваат неговите идентите. Сето ова има уште поголемо значење, ако се земе предвид мултиетничката структура на населението, кое со себе носи и чува исклучително значајни вредности и традиции од своите етникуми.

Културното наследство претставува и огромен туристички потенцијал, кој со квалитетно управување може битно да допринесе за развој на туризмот на оваа територија.

Во општина Теарце не постојат Културни Домови, места кои би служеле за промоција на историските наследства и традиции, како и за развој на културните и традиционалните вредности. Иако во општина Теарце има 9 населени места, младите и жителите немаат можност да посетуваат кино проекции, затоа што во општината нема кино, ниту пак мултифункционален простор кој би можел да ја врши оваа намена. До деведесеттите во Теарце постоела зграда каде имало кино проекции, но објектот бил пренаменет и можностите за кино рекреација замреле. Отворање на кино-простор во Теарце преку реставрација на стариот кино објект, или алтернативно пренамена на просторија од училиштето или друг објект во мултифункционален простор. Ова би подразбирало опремување на постоечки простор со техника за проекција, озвучување и столици кои би можеле да се собираат, а просторот да се ослободува и за други намени. Младите и другите жители би добиле можност да гледаат филмови и да се негува кино-културата, простор во кој се одржувале и други активности и едноставно повеќе можности за културно-забавни активности.

Општина Теарце иако нема Културни Домови , сепак се одржуваат одредени манифестации, се' со цел на зачувување на историските вредности и традиции. Граѓанскиот сектор, често, или само, или во соработка со општина Теарце, се труди да внесе свежина во животот на локалното население, организирајќи разни настани и манифестации. Сепак, тоа ни од далеку не е доволно, доколку ова подрачје сака да ги задржи и промовира овие обележја.

На територијата на нашата општина се одржуваат неколку настани, кои имаат за цел да станат традиционални.

Во општина Теарце функционираат неколку културно уметнички друштва, здруженија за заштита на културното наследство и слично.

Истите работат во несоодветни или никакви просторни услови, па своите активности главно ги организираат по училиштата, приватни ресторани и други несоодветни објекти.

Општина Теарце е богата со културно историски споменици, заштитени објекти, археолошки наоѓалишта, цркви, манастири, џамии, природни ресурси. Како најпознати од нив се : Слатински Бигор, Стара Џамија во Теарце, Лешочко Кале, Лешочки Манастир, Музеј во Нераште, м.в. Мелово, м.в. Три Води, м.в. Плоча, Одрански Костени, Доброшки Езерца, Брезјанско Езеро, стара Џамија во Првце идр.

Во текот на 2019 година во рамките на проект CBC Kosovo – NMK се одржаа неколку работни состаноци со различни заинтересирани страни во кои беа мапирани објектите на културното наследство со изработка на брошура на три јазици и се реализираше проектот за реконструкција на старата воденица во с. Теарце.

9. ГРАЃАНСКИ СЕКТОР

На територијата на општина Теарце делуваат одреден број на организации од граѓанскиот сектор, но мора да се напомене дека мал е проценотот на активни здруженија и организации. Потребни се конструктивни интервенции на оваа поле, кои ќе овозможат подобро функсионирање, зајакнување на условите за работа на ваквите организации, поврзување со бизнис секторот, со цел јавноста да биде подобро информирана. Но, од друга страна организациите од граѓанскиот сектор треба да бидат поочетни и потранспаретни.

Треба да се напомене дека оние организации кои се активни, имаат добра соработка со локалните самоуправи. НВО - невладините организации претежно се фокусирани на работа со млади во областите на традиција и култура, социјална заштита, полова дискриминација, спорт, работа со млади, меѓуверска соработка, животната средина, образованието, размена на искуства на национално и меѓународно ниво исл.

10.СИТУАЦИСКА АНАЛИЗА

10.1 SWOT анализа

Општествен развој на заедницата	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
• Доволен број основни училишта и пристап до средни училишта и универзитети • Етничко богатство – мултиетничко население • Постоечка инфраструктура во однос на амбуланти • Млади – работно способно население • Голем процент на деца на возраст 0- 6 години	• Намалување на бројот на население поради миграција во земјите на западна Европа • Висока стапка на невработеност, особено кај младите • Едукативни програми кои не се усогласени со потребите од пазарот • Непостоење свест и желба за важноста на доживотното учење • Зголемување на стапката на стари лица
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**
• Близината на универзитетите може да игра голема улога во обезбедување квалитетна работна сила • Развиен сектор за туризам во општина Теарце претставува можност за вработување (и во постоечките и во новосоздадени туристички програми), преку синергија со останатите сектори • Потенцијал за засилување на секторот земјоделие, со цел да се создаде нови работни места, како и да се промовира претприемништвото • Заеднички иницијативи за зајакнување и подршка за можноста за вработување на лицата со инвалидитет преку промовирање на алтернативни начини на едукација (доживотно учење) • Заеднички иницијативи за подршка на младите претприемачи, особено по принципот на самовработување • Развиени услуги за помош и нега на стари лица во домашни услови • Можност за вработување и лиценцирање на лица за социјални услуги преку лиценцирани провајдери • Изградба на детска градинка во 2022 година кој треба да започне со работа во 2023 година	• Дисбаланс помеѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот • Ограничени можности за нови вработувања, воглавно заради општата лоша економска состојба • Незаинтересирани лица за работа во областа на социјалата • Пандемија • Инфлација • Зголемување на цените на енергијата и на основните прехрамбени производи

Животна средина и Биодиверзитет	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
• Национален парк Шара • Над 280 Сончеви денови • Разновидност на животната срединаа средина, богатсво со природни ресурси • Богатство со водни ревири • Биодиверзитет со многу видови примероци • Голем површина со шуми • Регионална депонија РУСИНО Полошки регион • ЈПП со управување со отпад – концесија - до 2034 година	• Нефункционална администрација на национален парк Шара • Недоволни решенија за отпад и отпадни води • Недоволно инвестиции на полето на заштитата на човековата околина • Ниска свест за зачувување на животната средина од страна на населението • Неопфатеност на сите населени места со организирано собирање смет на планински села • Неквалитетна вода за пиење • Неизградена канализациска мрежа за отпадни води • Септички јами
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**
• Потенцијал за обновливи избори на енергија, особено од земјоделксиот отпад и остатоци од шумите (биомаса) • Можност за заеднички иницијативи во однос на управувањето со отпадот (полошки регион) • Можност за одржливо земјоделско и шумарско производство, во согласност со принципите на одржливо управување со почвата • Голем број од населените места е опфатено со организирано собирање смет • Производство на електрична енергија од сонце • Изградба на модерни нискотрошковни пречистителни станици кои произведуваат биогас, биомаса – органско ѓубре и електрична енергија • Квалитетна вода за пиење преку изградба на филтер станици за вода за пиење • Обезбедување вода за пиење – изградба и реконструкција на примарна и разводна водоводна мрежа. • Поставени фотонапонски централи на покривите на јавните објекти (3x15 KW)	• потенцијални опасности од поплави • Административни потешкотии за воведување планови за обновливи извори на енергија • Високи трошоци за приклучок на производители обновливи извори на енергија во електродистрибутивната мрежа • Втора заштитна зона на Рашче • Болести од загадена вода за пиење • Пандемија

Рурален развој и Земјоделие	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
• Од вкупната површина од 3.838 ха на општина Теарце 2.3**%** е земјоделско земјиште, а од тоа,98.8 **%** е обработливо земјиште • Поволни климатски услови • Незагадено земјоделско земјиште • Традицинално земјоделско производство • Постоечка мрежа на ветеринарни станици и амбуланти • Почнато со изградба на ниско трошковен систем за наводнување Теарце • Започнато со изградба на дел од полските пристапни патишта	• Расцепкано земјоделско земјиште (мали поседи) • Низок степен на квалитет на живот во одредени села • Незадоволителна инфраструктура во одредени села • Непостоење на откупни и преработувачки капацитети • Неповолна инфраструктура на неселението во одредени села – незаинтересираност на младите да останат да живеат и работат на село • Непостоење на систематска контрола за употреба на пестициди и контрола на загадувањето на земјоделските површини • Неповолна инфраструктура за пристап до нивите (полски патишта, вода....) • Намалување на сточниот фонд и земјоделското производство
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**
• Субвенци во земјоделието • Можности за обврзување со разни организации и донатори за едукација и друг вид на помош на земјоделците • Воведување нови култури, кои се бараат на пазарот • Поттикнување на договореното производство • Изнаоѓање на донатори за изградба на инфраструктура за пристап до обработливите земјоделски површини (полски патишта, вода..) • Искористување на финасиските можности за финансисирање на модерните системи за наводнување (капка по капка, вештачки дожд идр.)	• Елементарни непогоди, климатски промени • Општ тренд на заминување на младите од село во град или во странство • Неразвиен и нерегулаиран пазар на земјоделски производи • Загадување на водите како последица од неконтролирана примена на хербициди и песитициди во земјоделието • Зголемени цени на енергенски и материјали за прихрана и заштита во земјоделието

Природни и културни богатства, Традиција , Туризам	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
• Бројни туристички атракции од нашата територија • Историски богатства • Традиција • Културни и природни богатства • Одлична гео-позиција • Планински села • Стратегија за развој на туризмот во општина Теарце • Печатен материјал за културното наследство и традиција • Културни и природни богатства • Подрачни единици на планинарски друштва	• Неискористени потенцијали за алтернативен туризам • Непостоење свест за брендирање на алтернативниот туризам со сите свои спецификаци кои ги нуди географската местоположба • Недоволно развиена патна инфраструктура за сериозен развој на туризмот • Генерално непостоење на стандардизација во секторот за алтернативен/рурален туризам • Недоволно ресурси за заштита на природните, културните и историските богатства
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**
• Создавање нови туристички атракции • Создавање на нови заеднички туристички понуди • Огромен потенцијал за развој на алтернативен туризам (лов, роболов, планински туризам, бициклизам, рурален туризам, набљудување птици, авантуризам, религиозен туризам) • Подигање на капацитетите кај населението за развој на туризмот и негово вклопување во туристичка понуда • Потреба за подигање на капацитетите кај населението за важноста на земјоделските производи и нивната улога во развојот на туризмот • Одржување на традиционалните вештини за автентични локални автохтони производи, со цел да бидат дел од туристичката понуда	• Недостаток на претприемачки дух за туризам кај населението • Слаба соработка помеѓу различни сектори со цел да се развие туристичката гранка и туристичката понуда • Потенцијална опасност културните и историските богатства да се оштетат , заради недоволно грижа и одржлива стратегија • Одлив на високо образовни кадри во странство • Пандемија
Инфраструктура и транспорт	

СИЛНИ СТРАНИ	СЛАБИ СТРАНИ
• Близина до главни патни делници и регионални патишта • Железнички сообраќај • Близина до два аеродроми (во земјата и на Косово) • Покриеност со електиршна енергија • Телекомуникациска покриеност на мобилна и фиксна телефонија • Либерализиран пазар на понуда за ТВ и интернет провајдер • Започнато со изгртадба на канализациона мрежа за отпадни води Теарце	• Дел од патиштата се во неповолна состојба, најчесто се користат само за локално поврзување • Железничкиот сообраќај е во многу лоша состојба во нашата општина и во целата земја • Недоволни инвестиции во транспортната инфраструктура • Недостиг на финансиски средства за одржување на локалните патишта • Водоснабдување во одредени села • Непостоење на канализацискатa мрежа за одведување на отпадни води • Нерегулирани речни текови • Непостоење на современа депонија • Недоволно искористување на обновливи извори на енергија
МОЖНОСТИ	**ЗАКАНИ**
• Подобрување и модернизација на патната и железничката инфраструктура • Регионална и меѓународна соработка со пристап до фондови • Вклучување во регионални и национални проекти за водоснабдување, управување со отпад, енергетска ефикасност и слично • Промоција на користење на обновливите извори на енергија и нивната ефикасност • Изработка на техничка документација за канализациона мрежа за отпадни води ,водоснабдување,атмосферски води и придружни објекти. • Изработка на техничка документација за локални патишта и улици	• Недоволни финансиски средства за инвестиции во транспортната инфраструктура • Загадување на животната средина преку развој на економските активности • Нераномерна експлоатација на природните ресурси и заштитата на животната средина

Човечки Ресурси	
СИЛНИ СТРАНИ	**СЛАБИ СТРАНИ**
• Добра соработка • Теарце е дел од Полошкиот плански регион, за кој постои стратегија • Релативно развиен граѓански сектор • Различни верски заедници • Голем процент на младо работноспособно население	• Недоволен број од професионални кадри во администрацијата • Недоволна координација со централните власти околу надлежности во одредени области • Незаинтересираност на бизнис секторот да се вклучи активно во заложбите за зајакнување на состојбите во нашата општина
МОЖНОСТИ	ЗАКАНИ
• Подигнување на капацитетите на администрацијата (човечки ресурси) • Искористување на потенцијалните можности кои ги нуди програмата за меѓугранична и прекугранична соработка • Соработка со диаспората • Искористување на останатите финансиски програми (IPA, IPARD, US и други фондови) • Зајакната соработка помеѓу граѓанскиот, јавниот и бизнис секторот • Услогласеност на политиките за човечки ресурси на ЕУ регулативи	• Недоверба на населението во јавните институции • Недостиг на финасиски средства за реализација на програмите во однос на зајакнување на капацитетите во јавната администрација • Недоволно вклучување на бизнис секторот во заедничките заложби за подобрување на состојбите во општината • Период на усогласување на стратешките документи и програми со директивите на ЕУ • Миграција на население во ЕУ Земји - Либерализација на визниот режим • Пандемија

10.2 ПЕСТЕЛ анализа

Со цел ефикасно и навремено да се предвидат промените на опкружувањето, ОпштинаТеарце мора да ги разбере внатрешните и надворешните услови. Овој дел на скенирање на опкружувањето е исто така познато како PESTEL анализа, што всушност е кратенка од Политички, Економски, Социо-културни, Технолошки и Правни фактори.

Карактеристични фактори кои влијаат врз Општина Теарце се:

Политички фактори

- **Децентрализација** – продолжува имплементацијата на акцискиот план за следење на децентрализацијата и јакнење на капацитетот на општините за остварување на законските надлежности. Општина Теарце успешно ги комплетираше фазите од децентрализацијата и претстои јакнење на капацитетот на администрацијата за остварување на превземените надлежности
- **“Позициски” статус со Владата** – Соработката со Владата, министерствата и државните инситуции ја одредуваат позицијата на локалната самоуправа во однос на пристап до регионални и национални програми.
- **Евроинтеграции** – Република Северна Македонија како земја кандидат за влез во ЕУ превзема чекори и реформи, кои ќе се рефлектираат и врз општините кои исто така ќе мораат да преземат дел од обврските за постигнување на зацртаната цел.
- **Безбедност и стабилност на државата/регионот** – Последните 20 години југоисточниот регион на Европа, посебно Балканот, беше под влијание на големи турбуленции и нестабилности. Оваа состојба сеуште не е надмината, но членството на РСМ во НАТО дава гаранција за безбедноста и стабилноста на државата.

Економски фактори

- **Странски директни инвестиции (СДИ)** – Политиката на владата за привлекување странски директни инвестиции ќе влијае и за поголеми инвестиции во општината . Општина Теарце со зголемените надлежности кои произлегуваат од процесот на децентрализација сега има можност за самостојно привлекување и стимулирање на странските директни инвестиции и определување на економски зони.
- **Стабилност на макроекономската политика** – Стапката на инфлација, стабилноста на курсот на денарот и многу други макроекономски фактори имаат големо влијание врз бизнис климата, како на централно така и на локално ниво.
- **Трошоци за водење бизнис** – Многу е важно општината да ги намали овие трошоци и одвои повеќе средства за стимулирање на бизнисот. Исто така, општината треба да обезбеди и погодни услови, намалување на процедурите за започнување на нови бизниси, како и ефикасно да го имплементира едношалтерскиот систем (“one stop shop”).
- **Собирање на даноци и такси** – Централната и локалната власт треба да најдат начин за да ја зголемат ефикасноста во собирањето на разни такси од граѓаните: данок на имот, данок на промет на недвижности и права, данок на наследство и подарок, персонален данок на доход, данок од додадена вредност, такси за истакнување на фирми, такса за јавно осветлување и други видови на даноци и такси. Успешноста на овој процес зависи и од довербата што граѓаните ја имаат во локалната власт.
- **Капацитет за привлекување на средства од надворешни извори “** ИПА фондовите” Програми на меѓународните организации како и поволни кредитни

средства.

- **Нееднаква распределба на доходот.** Големиот број на граѓани со низок доход влијае во нивно стимулирање и мотивирање за едукација и вклучување на пазарот на трудот, како и отпочнување на економска активност.

Социо-културни фактори

- **Доверба во власта** –Општинското раководство треба да води политика на професионално работење и да биде поактивна и потранспарентна и во делот на услугите кои што ги нуди, како и со што е можно поголемо вклучување на граѓаните во процесот на градење на политиката за добро општинско работење.
- **Слаба грижа за опкружувањето на граѓаните** – Грижата на граѓаните во врска со здравјето и чистата околина е на многу ниско ниво. Воведувањето на подобра и поактивна едукација (започнувајќи од најмладите), и доследно воведување на санкции врз граѓаните и стопанскиот сектор кои ја загадуваат околината и природата, со сигурност ќе дадат резултат.
- **Граѓанско учество –** Инволвирањето на заедницата може да помогне општинското раководство да работи со доза на "здрава критика". Постојат голем број на бенефити кои може да се добијат доколку се зголеми учеството на јавноста во работењето на општината.
- **Миграциите село-град и емигрирањето во странство**. Првите ги намалуваат потенцијалите за развој, а одливот на младите и на обучените кадри предизвикуваат недостаток на работна сила во услови на раст на локалната економија.

Технолошки фактори

- **Е-влада** – Е-влада е „усвоен наслов" на информацискатa и комуникацискатa технологија на владини и јавни агенции и го трансформира начинот на кој институциите комуницираат со граѓаните. Неговата употреба ветува зголемување на ефикасноста и ефективноста на институциите и радикално го менува нивниот однос спрема јавноста. Напредокот во комуникацијата и користењето на технологијата игра главна улога во зголемувањето на животниот стандард и им дава поголема моќ на луѓето да добијат пристап до сите активности, но и да ги разберат системите кои им се достапни.
- **Дигитализација**- е светски тренд што се воведува во сите сфери на живеењето и работењето.
- **Надградба на вештините** на вработените е клучна за следење на промените што се наметнати со дигитализацијата.

Фактори за заштита на животната околина

- **Енергетска ефикасност** – Прашањата за заштеда на енергија и користење на обновливи извори на енергија се повеќе се предмет на работа на општините. Локалната самоуправа е вклучена во реализацијата на мерки за остварување на националните енергетски цели до 2027 година;
- **Зелена економија и заштита на животната средина** најголеми ефекти има на локално ниво. Новиот закон за зелени зони пренесува надлежности на локалната самоуправа за поголемо влијание во овој сектор.

Фактори за правната регулатива

- Можноста за спроведување на посоодветни правни локални регулативи, такси и надоместоци за заштита на животната средина,
- Соодветен и одржлив пристап кон локалните приходи на општината,
- Изработка на соодветни документи за правилно управување со градежен шут,
- Правилно и одржливо управување со земјоделското земјиште

10.3 Јавно мислење од различни сектори
Мислење на општинската администрација

Визија за општината

- Општина со развиена инфраструктура за поттикнување на економскиот развој и атрактивна за инвеститорите (иселеници, домашни и странски)
- Општинска администрација со изграден капацитет (простории за работа, опремена со нови компјутери за секој вработен, соодветен софтвер, обучен кадар и сл).

Проблеми што треба да се решат во областите што ги покрива администрацијата

- Обезбедување на повисоко ниво на приходи преку навремена наплата на приходите со поголем ангажман на сите сектори.
- Невработеноста на младите во Општина Теарце
- Иселенување на млади со високо образование
- Поголема вклученост на граѓаните на Општина Теарце во проектите на општинската администрација.
- Воспотавување подобра и поефикасна е-општина.

Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните

- Инвестиции кои ќе обезбедат нови работни места и подобри услови за живот.
- Патеки за велосипеди
- Зголемување на движење без возила
- Подобрување на ЕЕ на општинската зграда и подобрување на квалитетот и брзината на услугите кои ги сервисираме до граѓаните.
- Стратешко планирање на развојот на општината во сферата на урбанизмот, која ќе ја следи современа и функсионална инфраструктура, технолошки развој.
- Еколошки осмислена општина согласно европските и светските трендови, културно, туристичка и социјално авангардна.
- Енергетски ефикасните изградени индивидуални и колективни објекти директно влијаат на семејниот буџет со намалување на ставките за енергија и до 50%

Проекти во функција на економскиот развој на Општина Теарце

- Инвестиции (иселеници, домашни и странски) кои ќе обезбедат нови приходи и нови работни места и подобри услови за живот.
- Микро бизниси; поттикнување на занаетчии и ракотворби.
- Јавно приватно претпријатие за селектирање и рециклирање на материјали.
- Едукативна, логистичка и финансиска помош на start-up бизнисите**;**
- ИПА проекти од областа на економијата, животната средина, социјалата, образованието и инвестициите
- Развој и поддршка на земјоделието, сточарството преку одржување на интензивни курсеви за тие што се занимаваат со овие дејности,
- Учење и усовршување на занаети и други обуки.

Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Теарце

- Чести и конструктивни средби со граѓаните, претставници од бизнис секторот и невладини организации во насока на осознавање на нивните идеи и потреби.
- Организација на средби, обуки кои нема да се наплатуваат кои ќе можат да се одржат во училиштата, за невработените кои имаат 18-50 години за различни професии

Зголемување на инвестициите и вработувањето во Општина Теарце

- Поттик и поддршка кон самовработување и инвестиции насочени кон мали и микро претпријатија, како и отвореност за странски инвестиции.
- Реализација на инфраструктурни објекти во соработка со други институции (третман на отпадни води, управување со отпад и индустриски жаришта).
- Инвестиции за формирање на мониторинг мрежа во медиуми за кои не е воспоставен мониторингот (бучава, почва, биодиверзитет....).
- Зголемување на донаторските финансирања на проекти од областа на животната средина, климатските промени, фотонапонски централи за производство на електрична енергија, инсталации за производство на биогас од органски отпадоци.
- Креирање на мерки на поволности и даночни ослободувања за инвестирање во Општина Теарце како и презентација на истите пред домашните и странски инвеститори,
- Будење на интересот како и поддршката за отворање на семејни приватни бизниси

Мислење на Невладините организации

Визија за општината

- Општина која како приоритет ќе го има локалниот економски развој посебно развојот на малите семејни и средни претпријатија, поттикнување на занаетчиството како и разните профили, со дополнителни различни обуки како и развој на руралниот и планинскиот туризам преку големиот број на природни убавини кои ги имаме и НП Шара.
- Повеќе работни места и поголем број на вработувања во општина Теарце и околината.
- Со повеќе инвестиции, пофункционални средни и мали претпријатија и повеќе места за вработување

Проблеми што треба да се решат

- Селективно спроведување на законите и изборот на кадри во јавната администрација
- Недоволна поддршка како од локално ниво и од државата, недостаток на странски инвестиции поради небезбедноста во државата, недоволната заинтересираност на младите за независна работа како и нивото на нивна заинтересираност за вработување во администрација, недостаток на дополнителни обуки, грешки при насочување во средните стручни училишта, недостаток на поволни кредитни линии, недостаток на субвенции од државата итн.
- Миграција на младите и заминување (иселенување) од општината.
- Привлекување на странски инвестиции, поттикнување на наши печалбари индивидуално или здружени

Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните

- Зголемување на општинскиот буџет
- Поддршка при аплицирање за грантови
- Подобрување на безбедноста
- Зголемување на бројот на инвестиции

Мислење на членовите на Советот на општината

Визија за општината

- Општина атрактивна за живот и работа за сите генерации, поттикнати и мотивирани кон нови подобри перспективи
- Место каде жителите на различните етнички заедници коегзистираат во хармонија и толеранција.

Проблемите за остварување на визијата

- Поголема политичка стабилност и толерантност меѓу политичките субјекти за побрзо вклучување во ЕУ интеграциите.
- Законите кои ја опфаќаат регулативата на локалната самоуправа, во делот на финансирање на локалната самоуправа. Да се предвидат повеќе изворни приходи на општините, поточно да се прошири нормативната рамка за поквалитетно финансирање на општините.
- Отсуство на дефиниран стратешки концепт, координиран помеѓу општината, владата и инвеститорите (стопанството), доследно менаџиран и спроведуван.
- Отсуство на поволности за нови инвестиции.

Активности за подобар стандард на живеење на граѓаните

- Заокружување и довршување на комуналниот, инфраструктурниот, социјалниот и образовниот развој; комунална (водовод иканализација) и патна инфраструктура и подобро поврзување на населените места ;
- Искористување на потенцијалот за рурален развој и земјоделие,
- Сите можни слободни површини со хортикултурно и парково уредување;
- Изградба и адаптација на простор за културни настани;
- Отварање спортско-рекреативен центар, отварање културно-младински центар,
- Давање поповолни услови на бизнис секторот за развивање на нивните бизниси и слично;
- Привлекување на инвеститори (иселеници, домашни и странски) кои ќе вложуваат капитал во општината и ќе отвораат нови бизниси/стопански објекти.
- Обуки за сите, отворени можности за прашања, предлози, сугестии, критики и слично.
- Давање на поддршка на граѓаните за самовработување (консултантски услуги, правна помош и сл.), поддршка на малите и средните локални претпријатија преку давање на поволности за користење на градежно земјиште на територијата на општината, поволности за користење на деловен и друг простор во владеење на општината на малите и средните локални претпријатија, давање на поддршка од разновиден карактер на младите луѓе за започнување на сопствен бизнис и др.
- Достапност до информации за нови вработувања и Start – up компании

Проекти во функција на економскиот развој на Општина Теарце

- Нови објекти: Културен центар; Спортски центри, Социјални центри
- Служба во општината за: Иновативни проекти и Програми за субвенционирање на самовработувања

Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Теарце

- Почести средби на најразлични нивоа (меѓу бизнисмените, меѓу граѓаните и бизнисмените, меѓу НВО и бизнис секторот),
- Директен контакт со млади невработени

Зголемување на инвестициите и вработувањето во Општина Теарце

- Поволности за новите инвеститори и урбанистички планови со определени економски зони
- Посебна и поголема буџетска линија за НВО за реализација на нивните проекти.
- Општината ќе ја нагласи важноста на плаќањето на данок, со кој ќе се зголеми можноста за инвестирање на општината во заедницата како поврат на средствата од општината до граѓаните.
- Проекти за екологија за поздрава животна околина,
- Правилно одлагање, селектирање и рециклирање на отпадот;
- Правилно третирање на отпадните води;
- Контрола на штетните емисии на гасови во воздухот
- Да се подобри домувањето на социјалните случаеви и сите кој се социјално загрозени да се вработат.
- Планирање во образованието – средно и високо во правец на оспособување на кадри кои се дефицитарни и потребни од областа на информатиката, технологијата, производството на храна, градба (мајстори), механичари и слично
- Граѓаните да бидат вклучени и секогаш информирани околу работите кои се случуваат во институциите.

Проекти во функција на економскиот развој на Општина Теарце

- Поголема промоција на проектот „ Млад земјоделец“
- Анализирање на можноста јавното осветлување делумно да се напојува од сончеви панели.
- Фабрики за преработка на земјоделски производи
- Рециклирање на отпадот
- Општината ќе ја нагласи важноста на плаќањето на данок, преку кој ќе се зголеми можноста за инвестирање на општината во заедницата како поврат на средствата од општината до граѓаните.
- Веќе остварени проекти во делот на економскиот развој (поддршка на мал и среден бизнис, работа кај познат работодавец, мотивирање на граѓанинот за регистрација на сопствен бизнис ...
- Формирање на резервен фонд, со кои ќе се помогнат граѓаните во полесно надминување на предизвиците со кои се соочуваат, учество на граѓанскиот сектор од алокација на таквите средства и во полнење на таквиот буџет ...
- Креирање на координативен триаголник, (Локална самоуправа, Агенција за вработување и Граѓански сектор), со цел намалување на високиот процент на невработеност,
- Поттикнување на семеен бизнис


Соработката со граѓаните, невладините организации и бизнис секторот во Општина Теарце

- Да има поголема соработка и да имаме почесто заеднички средби со општината
- Организирање на состаноци, заради размена на информации и споделување на задачи, креирање на нови проекти со кои заеднички може да се аплицира.
- Организирање на редовни средби со граѓаните кои се занимаваат со личен или семеен економски развој, како и поддршка на нивните идеи, преку финансиска поддршка од Општината или од заеднички проекти поддржани од домашни и меѓународни организации.
- Транспарентност во континуитет и поголема соработка со НВО;
- Зголемување на соработката при процесот на носење на локални политики; Обезбедување локални услуги во соработка со граѓански организации;
- Секоја невладина организација да изготвува проекти во интерес на граѓаните и истите проекти да бидат поддржани и контролирани за реализација од самите донатори за да се утврдат постигнатите резултати.
- Да се одреди фонд за одржлив развој на граѓанските организации .
- Организирање на различни активности каде што граѓаните и општината ќе комуницираат за политиките на општината (тркалезни маси, јавни трибини, културни и спортски настани).

10.4 Локална самоуправа, организација и буџет

Органи на општината се Советот и Градоначалникот.
Советот го сочинуваат претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.
Бројот на членовите на советот во општина Теарце се утврдува во зависност од бројот на жителите. Бидејќи според пописот од 2002 имаше 22.454 жители, спаѓа во групата на општини која има 19 членови од различни националности, партии и др.
Членовите на советот се избираат за време од четири години, ги претставуваат граѓаните на општината и во советот одлучуваат по свое уверување.
Освен советот, како друг орган на општината е и Градоначалникот со општинската администрација, кој се грижи за тековното одвивање на работите, реализација и спроведување на надлежностите.

10.4.1 Организациона структура на општина Теарце[2]



Врз основа на годишниот извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор за 2021 година објавен од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, бројот на вработени до договор на неопределно време во општина Теарце е 41.

[2] 2016 година

10.4.2 Буџет на општина Теарце

Буџетот на општина Теарце е составен од приходните и расходните ставки, кои потоа споделени по категории.
Финансирањето на општината е од повеќе извори на финансирање, и тоа: сопствени извори на приходи, дотации на средства од Буџетот на Р.Северна Македонија и од буџетите на фондовите и задолжувањето.
Сопствени извори се :

1. Локални даноци
    - Данок на имот.
    - Данок на наследство и подарок,
    - Данок на промет на недвижности и
    - Други локални даноци утврдени со закон
2. Локални такси :
    - Комунални такси,
    - Административни такси и
    - Други локални такси утврдени со закон
3. Локални надоместоци :
    - Надомест за уредување на градежно земјиште
    - Надоместоци за комунални дејност
    - Надоместоци за просторни и урбанистички планови и
    - Други локални надоместоци утврдени со закон
4. Приходи од сопственост
    - Приходи од закупнина
    - Приходи од камати
    - Приходи од продажба на имот со чија продажба не се наруѓуваат јавните функции и надлежности на општината
    - Приходи од даноции
    - Приходи од парични казни
    - Приходи од самопридонес и
    - Други приходи утврдени со закон

Дотации од Буџетот на Р. Северна Македонија се :

- Приходи од данок на додадена вредност
- Наменска дотација
- Капитална дотација
- Блок дотација и
- Дотација за делегирана надлежност.


Во табелите е прикажан буџетот на општина Теарце за 2021 година:

Буџетски приходи

Вкупно приходи	**191.229.786**
Даночни приходи	34.243.261
Неданочни приходи	1.386.588
Капитални приходи	2.224.468
Приходи од дотации	125.507.000
Приходи од трансфери	26.367.779
Приходи од донации	1.500.690

Буџетски расходи


Вкупни Трошоци	**195.593.529**
Од утврдени намени	195.428.529
Расходи од резерви	165.000
Дефицит / Суфицит	-4.363.743





По категории

Вкупно	**195.593.529**
Плати и надоместоци	136.139.376
Резерви и недефинирани расходи	165.000
Стоки и услуги	33.701.157
Субвенции и Трансфери	2.408.568
Социјални Бенефиции	235.667
Капитални Расходи	22.943.761



Извор : Завршна сметка за 2021 година

Од податоците во горенаведената табела може да се види дека од вкупниот буџет на општината околу 69,6% се наменети за плати и надоместоци , додека само мал дел односно 11,73 % се потрошени за капитални инвестиции. Како препорака за одржлив развој треба да се зголеми процентот на средствата за капитални инвестиции и социјални услуги. Воедно треба да изнајдат начини за зголемување на процентот на прибирање сопствени изворни приходи на

општината. Треба внимателно да се постапи кон алокација на непотребните расходи и нивно дестинирање кон инвестиции кои во иднина ќе донесат нови приходи или ќе ги намалат расходите на општината.

10.5 Заклучоци

- Карактеристично за општина Теарце е тоа што има високо изразита миграција, посматрано во рамките на целиот Полошки плански регион, што е посебно видливо во последнава деценија. Социо-економските фактори, невработеноста на локалното население, се најголемата причина за ваквата состојба. Најголема миграција има во Општина Теарце во која во исто време има и најмлада популација на население.
- Просторот на општина Теарце претставува територија која има значителни елементи од аспект на географија, релјеф, клима и почва како и од аспект на создадени општествени вредности: социо-културни обележја и традиција, економија и комуникациска поврзаност.
- Согласно методологиите и категоризациите на рурални подрачја и населени места, територијата на општина Теарце се вбројува како рурална општина.
- Невработеноста е голема. Треба да се земе во предвид дека во општина Теарце има висок степен на привремени работници во странство. Миграцијата во општината е од традиционален карактер и претежно е во западно Европските земји т.е. се одвива веќе подолго време и претставува извор на приход за голем процент од населението во општината. Ремитентите кои ги донесуваат работниците од странство значително го раздвижуваат економијата на општината и пошироко. Тие се еден од клучните двигатели на локалниот економски развој освен на инвестициите така и на туризмот, земјоделието идр.
- Вработеноста на населението во регионот претежно зависи од сервисните субјекти како и државните институции.
- Се препорачува на општина Теарце да овозможи подобри услови за инвестирање од страна на привремените работници, во странство, во микро и мали претпријатија. Посебно поволен сектор со компаративни предности е руралниот развој и трговијата. Воедно, треба да се спомене дека на населението му е потребно зголемување на капацитетите во земјоделството со што би станале поконкурентни на домашниот и странскиот пазар. Воедно, освен know-how, потребно е да се окрупни сопственоста на обработливите парцели и микро фамилиарни фарми со цел да го издржат економскиот притисок од поголемите т.е. инустриски капацитети.
- Образованието во општина Теарце е на релативно добро ниво и се забележува подобрување на образовната инфраструктура. При согледување на моменталната состојба, може да се заклучи дека инфраструктурата (опремата) во основното образование се на незадоволително ниво и не нудат солидни услови за едукација. Инвестирањето во модернизација на образовните системи како што се компјутеризацијата ветуваа одржување на едукативниот капацитет на локалното

население, но сепак тие останаа вон функција. Образовниот процес беше во шок од пандемијата и тешко закрепнува.

- Во моментов се забележува нова динамика по однос на патната инфраструктура т.е. градење на локални патишта. Во минатото централизацијата на локалните економии придонесе за создавање на добра патна мрежа село - град и минимална поврзаност село-село. Ова е еден од поголемите и директни причинители за миграцијата село-град т.е. намалувањето на самоодржливоста на руралните средини и нивната зависност од градовите.
- Со инфраструктурите приоритети, градење на мрежата село-село и подобрувањето на оваа мрежа ќе се овозможи зголемување на трговската размена и со тоа ќе се овозможи и така малиот капитал да остане во општината. Исто така, туристичките потенцијали, природни и антропогени, ќе бидат подобро искористени а приходот ќе биде подобро распределен / алоциран помеѓу приватните бизниси.
- Комуналната инфраструктура е во голема мера проблем за општина Теарце и Полошкиот регион. Цврстиот отпад кој во моментов се одлага на диви микро депонии претставува долгорочен проблем. Овој проблем привремено е решен со изградба на регионална депонија во Русино - Гостивар за целиот поширок регион. Приоритет за општина Теарце е изградбата на системот за одведување на отпадните води. Истите во моментов се слеваат во септички јами со кои се загадуваат водите надземни и подземни, почвата и воздухот. Во 2021 година со средства обезбедни од Министерството за животна средина и просторно планирање е започнато со изградба на канализацискатa мрежа само за с. Теарце и истата според динамичниот план треба да заврши во 2023 година.
- Општина Теарце има добра основа за развој на земјоделието. Образовниот систем во моментот не нуди можност за равој на технички кадар во оваа област што не придонесува кон континуирано подобрување на условите и стандардите за работа како и ниската заинтересираност на младите за земјоделските дејности. На локално ниво потребно е да се направат обиди за окрупнување на парцелите со посеви и насади како и на микро-фармите, процес кој во моментов го води централната власт.
- Општина Теарце исто така може да придонесе кон подигнување на свеста за подобрување на условите во кои се одледуваат животните како и кон можноста за искористување на природните ресурси во исхраната на истите како би се подигнал квалитетот производите. Да им се помогне на сточарите да го задржат Исто така, потребно е да се разгледа можноста за одржување на посевите и насадите, кои се во руралните места, со користење на методи и практики од органското производство.
- Пчеларството во регионот има потенцијал да порасне во сериозна индустриска гранка која во моментов е сведена на фамилијарно занимање. Природата и оддалеченоста од загадувачките индустрии овозможуваат непречен и растечки тренд во оваа индустриска гранка.
- Покрај ова, локалната власт треба да се вклучи во едукација на земјоделското население за можностите кои се добиваат со окупнување на земјоделските производствени површини и микро-фармите. Кооперативното здружување им нуди можност на земјоделците да ги намалат своите трошоци како и да го зголемат обемот и приходи.

- Според економска активност на населението во овој регион, може да се забележи дека бројката на економски активно население е помала од бројката на економски неактивно население. Од статистичките податоци може да се види дека само третина од економско активно население е вработено, што укажува на тоа дека регионот нема можности и капацитети за вработување на целото население кое што е економски активно. Сепак во последните 3 години се случува да има потреба од работно способно население.

- Неповолните економски услови во кои живеат луѓето, слабата развиеност на индустријата, можноста за подобра егзистенција и подобро образование, се само дел од причините кои предизвикуваат се поголема миграција односно иселување на населението од овој микрорегион особено на работноспособното население. Тоа посебно е изразено во последниве години и според последниот попис од 2021 година бројот на нерезиденти стигна 7.944 или 31 % од попишаното население. И оваа година трендот на иселенување е со тренд на зголемување. Сепак, микро-регионот има доволен човечки потенцијал кој може да се мобилизира и да придонесе во севкупните напори за социо-економски развој.

- Од образовен аспект општина Теарце не нуди поголеми атрактивни можности за образование на населението, освен за основно образование.

- Општина Теарце располага со релативно мала економска активност која се јавува како резултат на:
    - слабата индустриска развиеност,
    - неискористување на капацитетите за развој на туризмот,
    - ниски вложувања во иновации,
    - ниска просечна плата, низок стандард ,
    - ниските стапки на БДП.
    - зголемување на цената на енергенсите
    - намалување на бројот на земјоделци и сточари
    - мал број на услуги и производи со поголема додадена вредност

  Општината е релативно сиромашна, со голема стапка на невработеност на локалното население,

- Земјоделството е една од економските гранки во општина Теарце, но и потенцијалот не е максимално искористен. Климатските услови, релјефната поставеност нудат услови за развивање во делот на аграрот, особено во делот на сточарството и одгледувањето на овошје и зеленчук.

- Општина Теарце главно е пристапен преку регионални патишта кои се добра состојба и кои го овозможуваат транспортот на производите. Во последно време има неколку активности од Агенцијата за државни патишта за изградба на кракови на регионалните патишта од кои ќе има позитивен ефект локалниот економски развој.

- Речиси сите домаќинства во територијата на општина Теарце имаат пристап до електрична енергија, телекомуникациска мрежа и се поврзани со водоводна мрежа. Но граѓаните бараат да се подобри снабдување и квалитетот на водата за пиење.

- Општина Теарце располага со голем број на природни и културно-историски потенцијали за развој на туризмот.

10.6 Препораки

- Изготвување на засебни стратешки документи кои би се имплементирале од страна на локалните единици, во кои се повеќе ќе биде вклучен граѓанскиот и бизнис сектор со цел нивно поголемо развивање и одржлив развој.
- Поголема соработка помеѓу локалните самоуправа Теарце и централнта власт, како и соработка со владините институции за добивање и искористување на бенефиции, можности и средства за развивање на општината.
- Подигнување на јавната свест кај населението за можностите кои ги нудат современите алатки и проекти за нивен личен развој и развој на општината. Отварање на нови работни места преку инвестирање, посебно во доменот на локалната економија и можностите за нејзина диверсификација. Посебен акцент да се стави на развој и инвестирање во туризмот и руралниот развој, како еден од секторите за развој на економијата во секоја земја.
- Поголемо инвестирање во секој сегмент од општествено-социјалниот живот кои би го натерало населението да останат во своите домови и да не размислуваат за иселување не само од регионот туку и од државата.
- Од особена важност е зајакнување на потенцијалите за средно стручно образование преку дефинирање на нови струки и образовни профили кои ќе бидат резултат на испитаните потреби на пазарот на труд. Воедно треба да се испита можноста за отворање на дисперзирани средни училишта или факултети за едукација на младите согласно потребите на регионот и пошироко.
- Искористување на човечките потенцијали и пренасочување на нивните знаења и вештини преку воспоставување на систем за доживотно учење, преквалификација и надградба на знаења и вештини како инструменти за зајакнување на човечкиот потенцијал во општина Теарце во области во кои има потенцијал економски да се развива.
- Поддршка при окрупнување на земјоделските стопанства преку подигање на свеста на локалните земјоделци за нивно насочување кон индустриско производство и здружување во форма на земјоделски задруги или други форми на здружување со цел постигнување на економии од обем и следење и адаптирање кон пазарните потреби и трендови. Веднаш да се запре процесот за пренамена на земјоделското земјиште на градежно земјиште од страна на државата.
- Воспоставување на ефективна и ефикасна локална патна мрежа и попратна инфраструктура која ќе обезбеди брз и сигурен транспорт помеѓу населените места на општина Теарце и во поширокиот регион. Воспоставување на современ магистрален или регионален пат кој ќе биде лесно достапен од сите населби во регионот и кој ќе обезбеди негово поврзување со другите региони од државата.
- Развивање на соодветна програма за етапно градење на водоводна и канализациона мрежа до сите домаќинства и населени места преку користење на достапните фондови.

- Едукација на локалното население и подигнување на нивните вештини за искористување на природните и антропогени ресурси во насока на создавање диверсификувана локална економија и во насока на создавање на индивидуални туристички и рурални понуди со стремеж да прераснат во интегрирана регионална туристичка понуда.
- Да се искористи локалниот потенцијал во насока на зголемување на додадената вредност, која е една од основите на економскиот развој. Треба да се размисли за поттикнување на глокализацијата за заштита од глобализацијата.
- Да се искористат можностите кои ги нудат сончевите денови во насока на производство на електична енергија и топла вода.
- Треба да се искористи човекиот потенцијал во општината и во странство во насока на развој на иновативни производи и размена на искуства за подобро искористување на локалниот потенцијал во современите трендови за одржлив развој.
- Да се искористат ресурсите (човечки и материјален) на територијата на општината за креирање на производи и услуги со поголема додадена вредност

11 СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ (2023 – 2027)

Водечките принципи за одржлив развој се економијата, животната средина и заедницата. Оваа стратегија има за цел да ја подобри економската конкурентност, да создаде просперитет и квалитетен живот за заедницата на територијата на општина Теарце, во една социјална, безбедна и сигурна животна средина. Оваа стратегија ги има предвид сите три принципи за одржлив развој, и веруваме дека целите и приоритети се внимателно избрани, а како резултат на тоа, проектите кои ќе бидат финасирани од различни извори на финансирање ќе ја подобрат животна средина на заедницата и ќе ја поттикнат локалната економија.
Фактот што стратегијата е работена според принципот од долу нагоре, со цели и приоритети кои беа идентификувани од страна на сите вклучени заинтересирани страни, остава простор да се верува дека проектите кои ќе произлеат од неа че го охрабрат локалното население што поактивно да се вклучи, и со тоа да придонесе кон одржливиот развој на територијата.



11.1 ВИЗИЈА

„ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ДО 2027 ГОДИНА СО КОНКУРЕНТНИ РУРАЛНИ ПРОИЗВОДИ, РАЗВИЕН ПЛАНИНСКИ ТУРИЗАМ НА МУЛТИКУЛТУРНИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ И ГРАДЕЊЕ НА ПАРТНЕРСКИ ОДНОСИ СО ИНВЕСТИТОРИТЕ ЌЕ БИДЕ АТРАКТИВНА И ЕКОНОМСКА РАЗВИЕНА ОБЛАСТ“

Одржливиот развој е основната одредница и вредност на овој документ, а под тоа подразбираме развој кој ги задоволува потребите на сегашноста, така што нема да ги загрози идните генерации и нивните потреби. Природните ресурси на територијата на општина Теарце претставуваат добра основа за севкупен материјален и општествен развој. Предложените интервенции ќе овозможат подобрување на условите за работа и живот на населението на овој простор. Визијата за локален економски развој на општина Теарце претставува согласност за иднината за период од наредните 5 години. Стратегијата претставува документ со кој целосно се дефинираат целите, приоритетите и мерките кои треба да се превземат во периодот на програмирање.

Визијата за локален развој на изработена стратегија е согласно обврските кои произлегуваат од законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ 5/2002). Таа е дефинирана како резултат на партиципативно учество на засегнатите страни во процесот на планирање и врз основа на релевантната законска рамка, наодите од анализите на состојбите во општината е усогласена со клучните развојни и стратешки документи на оваа подрачје.

11.2 Мисија

Преку јакнење на партнерството помеѓу јавниот сектор, граѓанскиот сектори и бизнис заедницата на својата територија, општина Теарце ќе работи на создавање услови за локален економски развој, преку развој на конкурентноста и иновативноста, создавање поистакнат туристички идентитет на територијата, модернизација на производството и услугите, професионално усовршување и мотивирање на човечките ресурси, промовирање на локалните вредности со интегриран пристап, координација и транспарентно работење на сите чинители на развојот на територијата на општина Теарце.

11.3 Принципи и вредности

Стратегијата на општина Теарце, се раководи од следните принципи:

- **Инклузија** – ќе овозможи еднакви можности за сите целни групи
- **Одржливост** - ќе внимава сите проекти кои ќе бидат финасирани преку различни извори на финасирање и треба да бидат одржливи и да ги задоволуваат потребите на населението на територијата, без притоа да ги загрозуват потребите на идните генерации
- **Партнерство** – ќе работи на принципот на градење парнтерства, со цел да ја оствари својата визија и да го охрабри населението да ја сфати својата улога во заедничкото градење на подобра заедница
- **Ефикасност** – ќе работи ефикасно преку конкретно имплементирање на мерките од оваа стратегија
- **Одговорност** – ќе има одговорност пред населението и заедницата, редовно ќе ги информира, ќе се советува со населението, и редовно ќе извстува за напредокот.
- **Координација-** да се координираат активностите и мерките и другите институции на регионално и национално ниво.

11.5 Стратегиска рамка

Организацијата на вертикалната хиерархиска поставеност на Стратешкиот план е на три нивоа:

- Резултати
- Стратегиски цели
- Програми
- Проекти - Мерки

Активностите се дефинирани и обработени низ примери и истите ќе бидат детално обработувани во годишните програми за реализација на Стратешкиот план.

Резултатите придонесуваат за остварување на дефинираната визија на овој стратешки план. Овие резултати ќе овозможат да се стават ресурсите од територијата на општина Теарце во функција на одржлив развој, што во целост се вклопува со принципите на ЕУ.
Стратешкиот концепт е развиен врз основ на проактивен пристап на економската и општествената интеграција на општината и со реалистичен пристап при одредување на реултатите, целите и програмите. При одредувањето на резултатите и Стратегиските цели се водеше сметка за долгорочните ефекти, краткорочните но ефективни мерки и активности, со цел да се придобие локалното население уште поактивно да се вклучи во планирањето и спроведувањето на стратегијата. При дефинирањето на резултатите, целите и прпрограмите, се водеше сметка и за принципите за еднакви можност, во смисла на родовата еднаквост и различните видови на групи.
Проектите - Мерките се одредени со цел да се реализираат поставените програми и да се постигнат резултатите. Тие се резултат на целосно учество на широк круг на заинтересирани страни кои учествуваа во изработката на оваа стратегија. Мерките се систематизирани и одредени според програмите и целите на стратегијата.

Резултати

1. **Руралниот развој и земјоделието да станат конкурентни во пазарите преку вмрежување, развој на човечки ресурси и иновативност**
2. **Преку искористување на природните ресурси да се развие туризмот и да се прошири патната инфраструктура до руралните и туристичките места**
3. **Поттикнување на Локалниот Економски Развој со градење на партнерски односи и вмрежување на регионална, прекугранична и меѓународна соработка**
4. **Соработка за подобрување на условите со бизнис секторот и централната власт во функција за подобрување на условите за зголемување на додадената вредност**
5. **Координирани активности со другите институции за надминување на енергетската и економската криза**

Литература :

- Агендата 2030 содржи,
- Закон за земјоделство и рурален развој,
- Локален еколошки акционен план – ЛЕАП за општина Теарце (2006),
- Стратегија за Локален Економски Развој за општина Теарце (2006 -2016),
- Стратегија за Локален Економски Развој за општина Теарце (2017 -2022),
- Стратегија за туризам во општина Теарце 2019-2028,
- Годишни програми на Советот на општина Теарце,
- Барање и проекти од Месните Заедници на територијата на општина Теарце,
- Барање и проекти од НВО ,
- Програма за развој на Полошки плански регион 2021-2026 ,
- Годишни акциони планови за Полошки плански регион,
- План за забрзан економски раст 2022-2026,
- Државен завод за статистика – Попис 2021,
- Стратешки план на министерството за економија на РСМ 2022 -2024,
- Национална Стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030),
- Национална програма за развој на социјална заштита 2022-2023,
- Програма за развој на патна инфраструктура (локални патишта) – Министерство за транспорт и врски ,
- Подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната Банка за Обнова и Развој , Министерство за Финансии,
- Програми на УСАИД,
- Програми на УНДП,
- Програми на министерство за земјоделство, шумарсто и водостопанство и ИПАРД,
- Програми за рамномерен регионален развој – Биро за регионален развој , Министерство за Локална Самоуправа,
- идр.

Разно (Фотографии, локации , прилози.....)






ТИКВА
ЖУТИЦА
ГОЛИЈА









Општина Теарце-Република Македонија
Општина Теарце - Комуна е Теарсе
Бр.-Нр. 11-1444
15.09.2022 год./vit

Njoftim

Të nderuar,

Komuna e Tearcës është në përgatitje të strategjisë për Zhvillim Ekonomik Lokal për periudhën 2023-2027. Prandaj, JU ftojmë të gjitheve që të kontribuoni me idetë tuaja, sugjerimet, vërejtjet dhe komentet në definimin e komizës strategjike, programeve, qëllimeve apo projekteve konkrete të cilet mund t'i dërgoni në email : besim.tearce@gmail.com ose në arkivin e komunës së Tearcës.
Pranimi i të dhënave nga palët e interesuara do të përfundoj me datë 14.10.2022.

Debati publik do të organizohet me datë 18.10.2022 prej orës 13:00- 14:00 në sallen e komunës .

Propozoni VIZIONIN për zhvillimin ekonomik lokal për periudhën 2023-2027 .

Fushat e identifikuara për Zhvillim Ekonomik Lokal

1. Bujqësia dhe Zhvillimi rural,
2. Turizmi ,tradita dhe kultura.
3. Infrastruktura dhe mjedisi jetësor ,
4. Inovacionet dhe efikasiteti energjetik

Departamenti për ZHEL – Komuna e Tearcës

Општина Теарце - Република Македонија
Општина Теарце - Комуна е Теарсе
Теарце
Tearcë

Известување

Почитувани,

Општина Теарце е во подготовка на стратегија за Локален Економски за период 2023-2027.
Затоа, ВЕ покануваме сите да придонесете со вашите идеи, сугестии, забелешки и коментари за дефинирање на стратешката рамка, програми, цели или конкретни проекти кои може да ги доставите по е-маил: besim.tearce@gmail.com или во архивата на општина Теарце.
Приемот на податоците од заинтересираните страни ќе заврши на ден 14.10.2022год.

Јавната дебата ќе се организира на ден 18.10.2022 год. од 13:00-14:00 часот во сала на општината.

Предложете ВИЗИЈА за локалниот економски развој за период од 2023-2027.

Идентификувани области за Локален Економски Развој :

1. Земјоделие и Рурален развој
2. Туризам ,традицијата и културата
3. Инфраструктура,
4. Иновации и енергетска ефикасност

Одделение за ЛЕР – Општина Теарце

Општина Теарце - Република Македонија
Општина Теарце - Комуна е Теарсе
Теарце
Tearcë

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

СТРАТЕШКА МАТРИЦА
Визија **„ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ДО 2027 ГОДИНА СО КОНКУРЕНТНИ РУРАЛНИ ПРОИЗВОДИ, РАЗВИЕН ПЛАНИНСКИ ТУРИЗАМ НА МУЛТИКУЛТУРНИ И ТРАДИЦИОНАЛНИ ВРЕДНОСТИ И ГРАДЕЊЕ НА ПАРТНЕРСКИ ОДНОСИ СО ИНВЕСТИТОРИТЕ ЌЕ БИДЕ АТРАКТИВНА И ЕКОНОМСКА РАЗВИЕНА ОБЛАСТ “**
Мисија **Преку јакнење на партнерството помеѓу јавниот сектор, граѓанскиот сектори и бизнис заедницата на својата територија, општина Теарце ќе работи на создавање услови за локален економски развој, преку развој на конкурентноста и иновативноста, создавање поистакнат туристички идентитет на територијата, модернизација на производството и услугите, професионално усовршување и мотивирање на човечките ресурси, промовирање на локалните вредности со интегриран пристап, координација и транспарентно работење на сите чинители на развојот на територијата на општина Теарце.**

.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА ОПШТИНА ТЕАРЦЕ ЗА ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД 2023 -2027 СО ИНДИКАТОРИ

.

1	Земјоделието и руралниот развој да станат конкурентни во пазарот преку вмрежување и преку развој на човечки ресурси и иновативност					Органи за спроведување	Индикатор
	Стратешка цел 1.1.	Унапредување на земјоделското производство и човечките ресурси					
		Програма 1.1.1.	Развој на пчеларството и билкарството	Проект 1.1.1.1	Воведување на стандарди за производи од мед и иновативност во пчеларството	Пчелари, МЗШВ, Акредитирани асоцијации	1-3 стандарди
				Проект 1.1.1.2	Промоција на можностите за билкарство	МЗШВ, Општина Теарце, Здруженија, Откупувачи	По потреба
		Програма 1.1.2.	Промоција на придобивките од формирање на земјоделските здруженија	Проект 1.1.2.1	Промовирање на придобивките од здруженијата	Индивидуални земјоделци, Земјоделски стопанства, Сточари Општина Теарце, МЗШВ идр.	Ондивидуални земјоделци, Земјоделски стопанства, Сточари идр
				Проект 1.1.2.2	Организирање на посета на агросаеми	Земјоделци, Сточари, Откупувачи, Трговци, Општина Теарце, МЗШВ идр.	Откупувачи, Трговци, Општина Теарце, МЗШВ идр.
				Проект 1.1.2.3	Поттикнување на младите кадри за аграр	Општина Теарце, МЗШВ, Училишта идр	еднаш годишно (социјалјни мрежи, директни средби итн)
				Проект 1.1.2.4	Организирање на семинари, работилници...	Општина Теарце, МЗШВ, Училишта идр	мин. еднаш годишно (социјалјни мрежи, директни средби итн)
		Програма 1.1.3.	Развој и осовременување на еко производството	Проект 1.1.3.1	Промоција на органското производство	МЗШВ, Здруженија на земјоделци , општина Теарце идр.)	мин. еднаш годишно (социјалјни мрежи, директни средби итн)
				Проект 1.1.3.2	Поттикнување на органското производство	МЗШВ, Здруженија на земјоделци , општина Теарце идр.)	мин. еднаш годишно (социјалјни мрежи, директни средби итн)
				Проект 1.1.3.3	Отворање на пунктови за продажба на органски земјоделски производи	Трговци, откупувачи, општина Теарце	По потреба

				Проект 1.1.3.4	Организирање на работилници за намалување на употребата на хемиски средства и вишок на вештачки ѓубрива и Промоција на современи хемиски средства и ѓубрива помалку штетни за животната средина и човековото здравје	МЗШВ, Здруженија на земјоделци , Факултети за Земјоделски науки, општина Теарце идр.)	мин. еднаш годишно (социјални мрежи, директни средби итн)
		Програма 1.1.4.	Поттикнување на производството на земјоделски производи според потребите на пазарот	Проект 1.1.4.1	Студија, собирање на податоци и анализа	МЗШВ, Факултети за Земјоделски науки, општина Теарце идр.)	По потреба
				Проект 1.1.4.2	Фисибилити студија на потребите на пазарот за земјоделски производи	МЗШВ, Факултети за Земјоделски науки, општина Теарце идр.)	По потреба
				Проект 1.1.4.3	Едукација на земјоделските производители од областа на менаџмент и претприемништво, со цел да се постигне поголем степен на финализација на земјоделското производство	МЗШВ, Факултети за Земјоделски науки, општина Теарце идр.)	По потреба
		Програма 1.1.5.	Поттикнување на сертификација и стандардизирање	Проект 1.1.5.1	Поттикнување на сертификација и стандардизација (HACCP,HALAL…..)	МЗШВ, Мин. За Економија,Факултети за Земјоделски науки, општина Теарце идр.)	По потреба
		Програма 1.1.6.	Тренинг центар за земјоделските производители	Проект 1.1.6.1	Отворање на мал тренинг центар за земјоделските производители	МЗШВ, Здруженија на земјоделци, општина Теарце идр.)	По потреба
				Проект 1.1.6.2	Организирање на обуки, работилници, презентации идр.	МЗШВ, Здруженија , општина Теарце идр.)	мин. еднаш годишно (социјални мрежи, директни средби итн)
	Стратешка цел 1.2.	**Поврзување на земјоделието со јавениот и бизнис секторот**					
